Годишна програма за работа на

ООУ „Коста Рацин“

с. Подареш - Радовиш

за учебната 2026/2027 година



Јули, 2026 година

Преамбула

Годишна програма за работа на училиштето е изработена според член 49 од Законот за основно образование(Сл. Весник на РСМ.Број 161 /2019од 05.08.2019), Правилникот за формата и содржината на годишната програма за работа на основното училиште. **Бр.08-3714/3 29.5.2024 година** донесен од страна на Министерот за образование и наука.

Содржина :

ВОВЕД *8*

1.ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ *9*

1.1.Табела со општи податоци 9

1.2.Органи на управување, стручни органи и ученичко организирање 10

2.ПОДАТОЦИ ЗА УСЛОВИТЕ ЗА РАБОТА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ *11*

2.1.Мапа на основното училиште 11

2.2.Податоци за училиштниот простор 13

2.3.Простор 13

2.4.Опрема и наставни средства согласно „Нормативот и стандардите за простор, опрема и наставни средства“ 14

2.5.Податоци за училишната библиотека 15

2.6.План за обновување и адаптација во основното училиште во оваа учебна година 16

3.ПОДАТОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ И ЗА УЧЕНИЦИТЕ ВО ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ *17*

3.1.Податоци за вработените кои ја остваруваат воспитно-образовната работа 17

3.2.Податоци за раководните лица 18

3.3.Податоци за воспитувачите 18

3.4.Податоци за вработените административни службеници 19

3.5.Податоци за вработените помошно-технички лица 19

3.6.Вкупни податоци за наставен и ненаставен кадар 20

3.7.Вкупни податоци за степенот на образование на вработените 20

3.8.Вкупни податоци за старосната структура на вработените 20

3.9.Податоци за учениците во основното училиште 21

4.МАТЕРИЈАЛНО-ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ *22*

5.МИСИЈА И ВИЗИЈА *23*

6.ВЕЌЕ НАУЧЕНО/СТЕКНАТИ ИСКУСТВА *24*

7.ПОДРАЧЈА НА ПРОМЕНИ, ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ *26*

7.1.План за евалуација на акциските планови 28

8.ПРОГРАМИ И ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТАТА ВО ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ *29*

8.1.Календар за организацијата и работата во основното училиште 29

8.2.Поделба на класно раководство, поделба на часовите на наставниот кадар, распоред на часовите 30

8.3.Работа во смени 31

8.4.Јазик /јазици на кој/и се изведува наставата 31

8.5.Проширена програма 31

8.6.Комбинирани паралелки 32

8.7.Странски јазици што се изучуваат во основното училиште 32

8.8.Реализација на физичко и здравствено образование со учениците од прво до петто одделение 32
8.9.Изборна настава 32
8.10.Дополнителна настава 33
8.11.Додатна настава 33
8.12.Работа со надарени и талентирани ученици 33
8.13.Работа со ученици со посебни образовни потреби.....34

9.ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ..... 35
9.1.Училиштни спортски клубови.....35
9.2.Акции 36

10.УЧЕНИЧКО ОРГАНИЗИРАЊЕ И УЧЕСТВО..... 36

11.ВОНУЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ..... 37
11.1.Екскурзии, излети и настава во природа.....37
11.2.Податоци за учениците од основното училиште вклучени во вонучилишни активности 38

12.НАТПРЕВАРИ ЗА УЧЕНИЦИТЕ 39

13.УНАПРЕДУВАЊЕ НА МУЛТИКУЛТУРАЛИЗМОТ/ИНТЕРКУРТУЛАРИЗМОТ И МЕЃУЕТНИЧКАТА ИНТЕГРАЦИЈА 41

14.ПРОЕКТИ ШТО СЕ РЕАЛИЗИРААТ ВО ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ 41

15.ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ..... 42
15.1.Постигнување на учениците 42
15.2.Професионална ориентација на учениците 44
15.3.Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупореба и запуштање, спречување дискриминација 44

16.ОЦЕНУВАЊЕ..... 45
16.1.Видови оценување и календар на оценувањето.....45
16.2.Тим за следење, анализа и поддршка.....47
16.3.Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар 48
16.4.Самоевалуација на училиштето 48

17.БЕЗБЕДНОСТ ВО УЧИЛИШТЕТО..... 49

18.ГРИЖА ЗА ЗДРАВЈЕТО 50
18.1.Хигиена во училиштето 50
18.2.Систематски прегледи.....50
18.3.Вакцинирање 50
18.4.Едукација за здрава исхрана – оброк во училиштата.....51

19.УЧИЛИШНА КЛИМА..... 51
19.1.Дисциплина.....51
19.2.Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето 51
19.3.Етички кодекси 52
19.4.Односи меѓу сите структури во училиштето.....61

20.ПРОФЕСИОНАЛЕН И КАРИЕРЕН РАЗВОЈ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИОТ КАДАР..... 62
20.1.Детектирање на потребите и приоритетите 62
20.2.Активности за професионален развој.....62
20.3.Личен професионален развој.....63
20.4.Хоризонтално учење 63
20.5.Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар 63

21.СОРАБОТКА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ СО РОДИТЕЛИТЕ/СТАРАТЕЛИТЕ 64
21.1.Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето 64
21.2.Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и воннаставните активности 64
21.3.Едукација на родителите/старателите 65

22.КОМУНИКАЦИЈА СО ЈАВНОСТА И ПРОМОЦИЈА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ 66

23.СЛЕДЕЊЕ НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ..... 68

24.ЕВАЛУАЦИЈА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ..... 68

25.ЗАКЛУЧОК 70

26.КОМИСИЈА ЗА ИЗРАБОТКА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ..... 71

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА..... 72

П Р И Л О З И..... 74

ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ДИРЕКТОР..... 77

П Р О Г Р А М А ЗА РАБОТА НА УЧИЛИШНИОТ ПЕДАГОГ..... 93

ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА УЧИЛИШНИОТ ИНКЛУЗИВЕН ТИМ..... 107

ГОДИШНА ПРОГРАМА НА УЧИЛИШЕН ОДБОР..... 116

ГОДИШНА ПРОГРАМА НА СОВЕТОТ НА РОДИТЕЛИ..... 119

ГОДИШНА ПРОГРАМА НА НАСТАВНИЧКИ СОВЕТ 121

ГОДИШНА ПРОГРАМА НА ОДДЕЛЕНСКИ СОВЕТ 123

ПРОГРАМА ЗА РАБОТА И ПРЕПОЗНАВАЊЕ НА НАДАРЕНИ И ТАЛЕНТИРАНИ УЧЕНИЦИ 124

ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА СТРУЧНИОТ АКТИВ НА ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА 135

ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА АКТИВОТ НА ЈАЗИЧНА ГРУПА ПРЕДМЕТИ 139

ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА СТУЧНИОТ АКТИВ НА ПРИРОДНО- МАТЕМАТИЧКА ГРУПА 143

ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА СТРУЧНИОТ АКТИВ ПО ЛИКОВНО, МУЗИЧКО И ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ 150

ГОДИШНА ПРОГРАМА НА БИБЛИОТЕКА 153

ГОДИШЕН ГЛОБАЛЕН ПЛАН ЗА ХОР 155

ГОДИШЕН ГЛОБАЛЕН ПЛАН ЗА ОРКЕСТАР 158

ПЛАН ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА 162

ПРОГРАМА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ 164

ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ПОДМЛАДОК НА ЦРВЕНИОТ КРСТ 165

ПРОГРАМА ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА ЕКСКУРЗИИ ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД ПРВО ДО ДЕВЕТТО ОДДЕЛЕНИЕ 167

ПРЕГЛЕД НА БРОЈ И ВИД НА УЧЕНИЧКИ ЕКСКУРЗИИ 167

ПРОГРАМА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА УЧЕНИЧКИ НАТПРЕВАРИ 169

ПРОГРАМА ЗА УЧИЛИШЕН СПОРТСКИ КЛУБ 170

ПРОГРАМА ЗА СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНА СРЕДИНА И ЛОКАЛНА ЗАЕДНИЦА 172

ПРОГРАМА ЗА ДЕТСКА ОРГАНИЗАЦИЈА ЗА УЧЕБНАТА 2026/27 ГОДИНА 173

ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА УЧЕНИЧКАТА ЗАЕДНИЦА 174

ПРОГРАМА ЗА ГРИЖА НА ЗДРАВЈЕТО НА УЧЕНИЦИТЕ 179

ПРОГРАМА ЗА ЈАВНА И КУЛТУРНА ДЕЈНОСТ НА УЧИЛИШТЕТО..... 181

ГЛОБАЛНО ПЛАНИРАЊЕ ЗА МИО (МЕЃУЕТНИЧКА ИНТЕГРАЦИЈА ВО ОБРАЗОВАНИЕТО) 182

ПРОЕКТ,,ЗАЕДНИЧКА ГРИЖА ЗА ПРАВИЛНО НАСОЧУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ“ 183

ПРОГРАМА ОД ПРОЕКТОТ ,, ЧЕКОРИ ВО ИНТЕГРИРАНО ОБРАЗОВАНИЕ ВО ОБРАЗОВНИОТ СИСТЕМ НА Р.С. МАКЕДОНИЈА“..... 185

НАСТАВНО ВРЕМЕ И РАСПОРЕД НА ЧАСОВИ..... 192

ПРОГРАМА ЗА ПРЕВЕНЦИЈА ОД НАСИЛНО ОДНЕСУВАЊЕ ВО УЧИЛИШТЕТО 197

ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОРИЕНТАЦИЈА НА УЧЕНИЦИТЕ..... 199

ПРОГРАМА ЗА СЛЕДЕЊЕ ВРЕДНУВАЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ВОСПИТНО ОБРАЗОВНИОТ РАЗВОЈ..... 203

ПРОГРАМА ЗА АНТИКОРУПЦИСКА ЕДУКАЦИЈА ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА 205

Вовед

Годишната програма е краткорочен развоен документ. Во неа се отсликува сето она што е содржано во програмата, подготовката на годишната програма и документите врз кои се подготвува истата.

Програмата на ООУ „Коста Рацин“- с. Подареш - Радовиш е изготвена врз основа на:

- Концепцијата за деветгодишно основно образование.
- Програмата за работа на училиштето од претходната учебна година (2025/2026 год).
- Програма за развој на училиштето.
- Подзаконски и интерни акти (Статут, етички кодекс, деловници за работа на органите итн.), правилници (Правилник за работа на комисии, правилник за дежурства на наставници, правилник за работно време итн.)
- Извештаи (Годишен извештај на училиштето од претходната учебна година, извештаи од интегрална евалуација, од Самоевалуација, програма за развој, извештаи за финасиското работење на училиштето, записници).
- Наставните планови и програми.
- Законот за основно образование, Закон за работни односи, Закон за јавни набавки, Закон за организација и работа на органите на државната управа и други закони.
- Подзаконски и интерни акти (Статут, етички кодекс, деловници за работа на органите итн.), правилници (Правилник за работа на комисии, правилник за дежурства на наставници, правилник за работно време.

Работата на училиштето во учебната 2026/27 г. се реализира врз основа на работата на стручните активи, примената на ИКТ во наставата, работата на ученичките заедници, реализирањето на проектите, секциите, дополнителната и додатната настава, реализирањето на бројни активности и учество на натпревари.

1.Општи податоци за основното училиште

1.1.Табела со општи податоци

Име на основното училиште	ООУ Коста Рацин
Адреса, место, општина	с.Подареш, Радовиш
Телефон	070 332 912
Факс	032/641-414
Е-маил	k.racin@yahoo.com
Основано од.	МОН Скопје
Верификација- број на актот	10-4003/1
Година на изградба	1936/1968
Тип на градба	Тврда градба
Внатрешна површина на училиштето (м2)	1028 m^2
Училишен двор	2381 m^2
Површина на спортски терени и игралишта	/
Начин на загревање на училиштето	Сопствено парно
Училиштето работи во смени	Не
Број на паралелки	**16**
Број на комбинирани паралелки	/
Јазик/јазици на кој/кои се реализира наставата во училиштето	Македонски
Во основното училиште има паралелки за ученици со посебни образовни потреби	/
Во основното училиште има паралелки од музичко училиште	/
Во основното училиште има ресурсен центар	/
Други податоци карактеристични за основното училиште	/

1.2.Органи на управување, стручни органи и ученичко организирање


Членови на училишен одбор (име и презиме)	-Претседател -Марија Стојанова (претставник од родители) -Заменик претседател - Нове Илиев (претставник од ЕЛС-Радовиш) Тања Коцева, (претставник на наставниците) Драги Коцев, Лилјана Понева, Данче Атанасова Илиева
Членови на совет на родители (име и презиме)	Марија Стојанова, Верче Коцева, Тања Коцева, Тања Јанева, Марија Ташкова, Андријана Аврамова, Станка Јованова, Мирјана Николова, Вецка Димитрова, Снежана Серафимова, Розе Поцева
Стручни активи (видови)	-Стручен актив од Природно-математичка група на предмети -Стручен актив на јазична група предмети -Стручен актив на Музичко, Ликовно и ФЗО -Стручен актив од Одделенска настава
Одделенски совети (број на наставници)	24
Членови на училишниот инклузивен тим (име и презиме)	Директор– Лилјана Атанасова Педагог– Горан Јанкулов Одделенски наставник – Данче А. Илиева Предметен наставник– Драги Коцев Родител– Валентина Илиева Родител– Верче Коцева Специјален едукатор и рехабилитатор – стручен соработник од друго училиште-Билјана Јованова
Заедница на паралелката (број на ученици)	8
Членови на ученичкиот парламент (број на ученици, име и презиме на претседателот на ученичкиот парламент)	Теодора Илијева, Давид Стојанов Претседател на ученички парламент
Ученички правобранител	

2.Податоци за условите за работа на основното училиште


2.1.Мапа на основното училиште




СКИЦА НА ПЛАНОТ ЗА ЕВАКУАЦИЈА с.Подареш



СКИЦА НА ПЛАНОТ ЗА ЕВАКУАЦИЈА с.Подареш



Скица на планот за евакуација на подрачно училиште



2.2.Податоци за училиштниот простор

Просторни услови за работа на училиштето	
Вкупен број на училишни згради	4
Број на подрачни училишта	1
Бруто површина	4065
Нето површина	1028
Број на спортски терени	/
Број на катови	/
Број на училници	17
Број на помошни простории	/
Училишна библиотека, медијатека	1
Начин на загревање на училиштето	Сопствено парно

2.3.Простор

Просторија	**Вкупен број**	**Површина (м2)**	**Состојба (се оценува од 1до 5, согласно Нормативот од 2019 година)**	**Забелешка (се наведува потребата од дополнителни простории, реконструкции и сл.)**
Училници Подареш	13	560,5	4	/
Канцеларии	3	64,24	4	/
Библиотека	1	13,61	4	/
Кујна	1	13	4	/
Ходници	2	147,6	5	/
Помошна простории	2	72,5	3	/
ВЦ	3	27,82	3	Реконструкција
Училници Јаргулица	6	269,84	4	Промена на внатрешни врати
Канцеларии	1	22,5	5	/
Ходници	2	51,5	5	/
Помошни простори	2	30,52	2	Реконструкција на помошна просторија Јаргулица
ВЦ	2	14	4	/

2.4.Опрема и наставни средства согласно „Нормативот и стандардите за простор, опрема и наставни средства“

Наставен предмет (одделенска и предметна настава)	Постоечка опрема и наставни средства	Потребна опрема и наставни средства
Мајчин јазик.	Магнетни букви-латиница и кирилица, стручна литература, прирачници, смарт табла Касетофон, лаптоп, прожектор, дополнителна литература (прирачници), креди во боја, учебници	Нови лектирни изданија за секое одделение.
Странски јазици	Флеш карти, постери, учебници, прожектор,смарт табла	за учебната 2026/2027 за наставата по Англиски јазик од 1 -9 одд : • Постери за секоја тема • едукативни флеш карти • едукативни игри за секое одд, соодветни со програмата за одд.
Математика	• Линијари • Триаголници • Шестари • Интерактивна табла • Агломери	• Агломери • 3Д тела дрвени Магнетна табла и магнети
Хемија	• Мал ситен инвентар хемиски супстанции	• Постери со апаратура • Епрувети • Лакмусова хартија Киселини: сулфурна хлороводна, калциум хидроксид, етил алкохол, цинк, магнезиумова лента. Бази
Физика	• Волтметар • Амперметар • Магнети	• Електроскоп • Постери • Демонстратор на Њутновите

	• Три де фигури Лупи	закони • Сет за електростатика • Коса рамнина
Биологија	• Микроскоп • модел на цвет • абдомен-торзо • скелетен систем	• албум со растителни семиња
Историја	Табла, компјутер, смарт табла	Мапи
Географија	• Физички карти: карта на свет, Карта на Република Северна Македонија, Европа, Азија, Африка,	• 1 Модел на Сонце, Земја и Месечина; • 1 Светлечки физички глобус;
Информатика	• Информатика-5 лаптопи	5 лаптопи
Физичко и здравствено образование	• 5 фудбалски топки • 3 кошаркарски топки • 5 одбојкарски топки • 4 ракометни топки	Спортска сала
Музичко образование	Од наставни средства и опрема има синтисајзер,хармоника и други музички инструменти итн.	• блок флејти Детски музички ритмички инструменти (тропалки, дајре, триангл, стапчиња, барабанче, кастањети), металофон, блок флејта
Ликовно образование	Постери, линијари специјални за цртање, Акрилни бои, штафелаи	Акрилни бои
Т.О	Смарт табла	ЛЦД-прожектор

2.5.Податоци за училишната библиотека

Ред. Број	Библиотечен фонд
Лектири	*911*
Стручна литература	*100*
Македонски јазик	*5500*

2.6.План за обновување и адаптација во основното училиште во оваа учебна година

Што се спроведува или обновува	**Површина во м^2**	**Намена**
Надворешни плочки за влезните скали	10 м^2	реконструкција
Надворешна термо фасада(во делот каде што не е напр.	м^2	За подобрување на Енергетската Ефикасност
Обелување на простори во Централното училиште	м^2	Обнова на бела Боја

3.Податоци за вработените и за учениците во основното училиште

3.1.Податоци за вработените кои ја остваруваат воспитно-образовната работа

Ред.бр.	Име и презиме	Год. на раѓање	Звање	Степен на образние	Работно место	Ментор/ советник	Години на стаж
1.	Анета Јанковиќ	1976	Нас.	ВСС	Македонски јазик	/	20 год.
2.	Лејла Лиманова	1980	Нас.	ВСС	Англиски јазик	/	19 год.
3.	Нов наставник	1989	Нас.	ВСС	Т.О и Информатика	/	
4.	Нов наставник	1999	Нас.	ВСС	Германски јазик	/	
5.	Марија Поцкова	1993	Нас.	ВСС	Македонски јазик	/	8 год.
6.	Раде Филиповски	1986	Нас.	ВСС	Математика	/	14 год.
7.	Драги Коцев	1987	Нас.	ВСС	Математика Физика	/	10 год.
8.	Тихомир Ангеловски	1990	Нас.	ВСС	ФЗО	/	6 год.
9.	Нов наставник	1998	Нас.	ВСС	Биологија	/	
10.	Нов наставник				Хемија		
11.	Драган Ристов	1984	Нас.	ВСС	Географија	/	17 год.
12.	Нов наставник	/	/	/	Ликовно обр.	/	/
13.	Габриела Атанасова Митев	1996	Нас.	ВСС	Музичко обр. Хор Оркестар Гласот на традицијата	/	7 год.
14.	Симеон Џеков	1963	Нас.	ВСС	ФЗО	/	34 год.
15.	Нов наставник	/	/	/	Граѓанско образование	/	/
16.	Силванка Јанкова	1973	Нас.	ВСС	Одделенска настава	/	22 год.
17.	Данче А.Илиева	1980	Нас.	ВСС	Одделенска	/	19год.

					настава		
18.	Лилјана Лазарева	1971	Нас.	ВСС	Одделенска настава	/	31 год.
19.	Лефка М.Василева	1984	Нас.	ВСС	Одделенска настава	/	11 год.
20.	Софија Јованова	1981	Нас.	ВСС	Одделенска настава	/	11 год.
21.	Гордана М.Ташкова	1973	Нас.	ВСС	Одделенска настава	/	24 год.
22.	Павлинка Андреева	1965	Нас.	ВСС	Одделенска настава	/	31 год.
23.	Божанка Горгиева	1982	Нас.	ВСС	Одделенска настава	/	4 год.
24.	Нов наставник	1997	Нас.	ВСС	Природни науки	/	
25.	Нов наставник	1998	Нас.	ВСС	Англиски јазик	/	

3.2.Податоци за раководните лица

Ред. Број	**Име и Презиме**	**Година на раѓање**	**Звање**	**Степен на образование**	**Работно Место**	**Години На Стаж**
1	Лилјана Атанасова	1966	Директор	ВСС	Директор	33 год.

3.3.Податоци за воспитувачите

Ред. Број	**Име и Презиме**	**Година на раѓање**	**Звање**	**Степен на образование**	**Работно Место**	**Години На Стаж**

3.4.Податоци за вработените административни службеници

Реден Број	Име и Презиме	Година на раѓање	Звање	Степен На образоване	Работно Место	Години На Стаж
1.	*Горан Јанкулов*	*1983*	*Педагог*	*ВСС*	*Педагог*	*5 год.*
2.	*Душко Роголев*	*1987*	*Секретар*	*ВСС*	*Тех.секретар*	*4 год.*

3.5.Податоци за вработените помошно-технички лица

Ред Број	Име и Презиме	Година на раѓање	Звање	Степен на образование	Работно Место	Години На Стаж
1	Босилка Василева	1966	Хигиеничар	Основно	хигиеничар	8 год.
2	Горица Иванова	1979	Хигиеничар	Основно	хигиеничар	7 год.
3	Коле Атанасов	1973	Хигиеничар	ССС	хигиеничар	8 год.

3.6.Вкупни податоци за наставен и ненаставен кадар

Наставен и ненаставен кадар	Вкупно	Етничка и полова структура на вработените									
		Македонци		Албанци		Турци		Роми		Други	
		М	Ж	М	Ж	М	Ж	М	Ж	М	Ж
Број на вработени	30	8	21	/	/	/	1	/	/	/	/
Број на наставен кадар	24	5	18	/	/	/	1	/	/	/	/
Број на стручни соработници	1	1	/	/	/	/	/	/	/	/	/
Адинистративни работници	1	1	/	/	/	/	/	/	/	/	/
Техничка служба	3	1	2	/	/	/	/	/	/	/	/
Директор	1	/	1	/	/	/	/	/	/	/	/

3.7.Вкупни податоци за степенот на образование на вработените

Образование	Број на вработени
Високо образование	27
Виша стручна спрема	/
Средно образование	1
Основно образование	2

3.8.Вкупни податоци за старосната структура на вработените

Години	Број на вработени
20-30	5
31-40	7
41-50	10
51-60	6
61 – пензија	2

3.9.Податоци за учениците во основното училиште

Одд.	Бр. на паралелки	Бр. на ученици	Етничка структура на учениците									
			Македонци		Албанци		Турци		Роми		Други	
			М	Ж	М	Ж	М	Ж	м	Ж	м	Ж
I	2	9	4	5	/	/	/	/	/	/	/	/
II	2	9	5	4	/	/	/	/	/	/	/	/
III	2	14	7	7	/	/	/	/	/	/	/	/
IV	2	8	5	3	/	/	/	/	/	/	/	/
V	2	15	6	9	/	/	/	/	/	/	/	/
I-V	**10**	**55**	**27**	**28**	/	/	/	/	/	/	/	/
VI	1	19	9	10	/	/	/	/	/	/	/	/
VII	2	10	7	3	/	/	/	/	/	/	/	/
VIII	2	17	8	9	/	/	/	/	/	/	/	/
IX	1	14	4	10	/	/	/	/	/	/	/	/
VI-IX	6	**60**	**28**	**32**	/	/	/	/	/	/	/	/
I-IX	**16**	**115**	**55**	**60**	**/**	**/**	**/**	**/**	**/**	**/**	**/**	**/**

4.Материјално-финансиско работење на основното училиште

Планот за материјално - финансиското работење на училиштето се одобрува од МОН и транспарентно се реализира во текот на годината за што се дава извештај пред УО каде и се усвојува завршната сметка на училиштето. Преку претставниците на родителите и локалната заедница во Училишниот одбор сите информации за училишниот буџет и трошоците им се достапни на сите партиципиенти во училиштето.

- **Раководење со финансиските ресурси**

- Транспарентност во планирањето и трошењето на училишниот буџет
- Изнаоѓање на дополнителни финансиски средства за училиштето
- Следење на наменското трошење на средствата во согласност со одобрениот буџет за училиштето
- Во текот на целата учебна година користење на буџетот за подобрување на квалитетот на наставата и учењето и развојот на училиштето во целина
- Информирање на органите и телата за трошењето на финансиските средства
- Обезбедување на услови за транспарентно усвојување на завршната сметка
- Следење континуирано на законитоста на финансиското работење

Раководење со материјалните ресурси

- Проценување на потребите и утврдување на приоритетите
- Обезбедување на наставни средства и помагала согласно потребите
- Навремено обезбедување со потребните средства за одвивање на секојдневната работа и грижа за нивното рационално користење.

5.Мисија и визија

Мисија на училиштето

Нашето училиште има мисија да даде образование кое ќе обезбеди квалитетна иднина, меѓусебно разбирање и почитување, соработка. Ние сме училиште кое нуди еднакви можности за учење и напредување на сите ученици и кое ги подготвува учениците со квалитетни и трајни знаења со кои успешно ќе одговорат на предизвиците на 21-от век.

Визија на училиштето

Нашата визија е да бидеме училиште во кое сите ученици ќе доаѓаат со задоволство и желба за нови знаења, во кое ќе ги воспитуваат среќни и задоволни наставници, мотивирани за реализација на современа настава. Преку современа и квалитетна настава до здрави индивидуи кои ги почитуваат.

6.Веќе научено/стекнати искуства

„LESSONS LEAMED“

Од досегашното долгогодишно искуство, увидите направени на минатогодишниот Годишен извештај за реализација на годишната програма за работа на училиштето (учебна 2026/2027 год.), можат да се истакнат следните поуки:

- Опременоста на училиштето со нагледен наставен материјал е добар предуслов за успешно изведена настава;
- Континуирано одржување на хигиената во училиштето (училниците, тоалетите, училишниот двор и ходниците) се услов за здрав живот;
- Соработката со родителите води кон подобар резултат за успехот на учениците;

- Успешната работа на психолошко-педагошката служба води кон подобри резултати кај учениците;
- Посетата на семинари и советувања за наставниците дава добри резултати во модернизација и усовршување на наставата,
- Учество на учениците и наставниците во хуманитарни акции води кон подигнување на свеста, ја подобрува соработката со Црвен крст,
- Водењето (изведувањето) екскурзии, натпревари, настава во природа и друго поттикнува јакнење на духот и телото кај учениците/ наставниците.

7.Подрачја на промени, приоритети и цели

Приоритетно подрачје на промени	Цели	Исходи	Задачи	Индикатори за успех	Носители на активностите	Временска рамка	Ресурси	Тим за следење
Од констатираната состојба во годишните извештаи, самоевалуацијата и Програмата за развој како приоритетни подрачја и потребите на ООУ,,Коста Рацин,, с.Подареш можеме да ги земеме во предвид следните приоритети : ✓ Организирање стручни предавања, советувања и обуки за родители, ✓ Создавање подобри услови за изведување на наставата по ФЗО (спортска сала), за наставата по јазици: англиски, германски, обезбедување на неопходни средства како лексикони, речници, списанија, ЦД итн ✓ Соработка со родителите и локалната заедница, ✓ Едукација на кадарот за поголемо почитување на принципите за толерантност и хуманост во меѓусебна комуникација, како услов за јакнење на училишната клима, ✓ Едукација на родителите за нивно поуспешно вклучување во воспитно образовниот процес, ✓ Градење кај учениците систем на позитивни вредности, почитување и толеранција, Интензивирање на соработката со други училишта во С.Р. Македонија и надвор од неа.	Зголемување на успехот на учениците Намалување на бројот на неоправдани изостанци Развивање на поголема мотивираност кај учениците да се вклучуваат во разни ученички активности подеднакво по секој предмет, Усовршување на надарените ученици во онаа област која нив најмногу ги привлекува Подигање на мотивацијата на учениците и наставниците Зголемување на соработката и подршката со локалната средина Учениците да усвојуваат знаења, да ги развиваат своите способности и вештини потребни за продолжување во средното образование	- Мотивирани наставници за примена на нагледни помагала во настава и ИТ опрема -Зголемување на интересот кај учениците за следење на наставните часови Осовременување на наставата во чекор со иновативните промени во наставниот процес. -Зголемено задоволство кај учениците за време на претстој во училиштето	Приоритетни задачи во текот на учебната 2026/2027 година ќе бидат: ✓ Вклучување во нови проекти, ✓ Следење и унапредување на наставата, формативно, сумативно и описно оценување, ✓ Дополнителна, додатна, изборна настава и слободни ученички активности, ✓ Следење и унапредување на работата на стручните активи, Интензивирање на стручното усовршување на наставниот кадар преку семинари, советувања, работилници при што искуствата и знаењата од овие форми на усовршување ќе бидат применети и пренесени и на останатите вработени во училиштето	Подобрување на успехот на учениците Осовременување на Воспитно-образовниот процес преку современи наставни техники и методи за работа.	Директор Педагог Наставнички колегиум Училишен одбор Совет на родители	Во текот на целата учебна год.	Е-дневник Главна книга	Директор Педагог Наставници

Година 2026/2027																			
	Временска рамка месец																Следење		
Задача	**Активност**	**9**	**10**	**11**	**12**	**1**	**2**	**3**	**4**	**5**	**6**	**7**	**8**	**Носител**	**Начин на спроведување (ресурси)**	**Инструменти**	**Очекувани резултати**	**Одговорно лице**	**✓ x**	**Потребен буџет**
Подобрување на условите за работа во училиштето	Доопремување на помошна просторија во подрачно училиште	✓	✓	✓	✓	✓	✓	✓	✓	✓	✓	✓	✓	МОН и ЕЛС Радовиш		Записник Извештај Проект фотографии	Подобрување на условите за работа и наставниот процес	Директор , Тим за соработка, Надзорен одбор, Комисија за јавни набавки, фирма изведувач, Комисија за мониторинг и евалвација		Активностите ги финасираат МОН и ЕЛС Радовиш
	Уредување на ентериер и екстериер	✓	✓	✓	✓	✓	✓	✓	✓	✓	✓	✓	✓							
	Уредување на училишниот двор	X	x	X	X	x	x	x	x	X	✓	✓	✓	МОН и ЕЛС Радовиш	Физички и човечки					
	Изградба на спортска сала	✓	✓	✓	✓	✓	✓	✓	✓	✓	✓	✓	✓	МОН и ЕЛС Радовиш	Физички и човечки					
	Оградување на училишниот двор	✓	✓	✓	✓	✓	✓	✓	✓	✓	✓	✓	✓	МОН и ЕЛС Радовиш	Физички и човечки					
Осовременеување и подобрување на квалитетот на наставниот процес	Набавка на современа техничка опрема	✓	✓	✓	✓	✓	✓	✓	✓	✓	✓	✓	✓	МОН и ЕЛС Радовиш						
	Набавка на стручна литертаура за наставници и ученици	✓	✓	✓	✓	✓	✓	✓	✓	✓	✓	✓	✓	МОН и ЕЛС Радовиш						
Професионален развој на наставниците	Обука на наставници за користење на нови техники и методи	✓	✓	✓	✓	✓	✓	✓	✓	✓	✓	✓	✓	БРО,МОН и ЕЛС Радовиш						

7.1.План за евалуација на акциските планови

- Критериуми за успех

Со цел за зголемување и подобрување на безбедноста и условите во нашето училиште со акциските планови се разработуваат 3 стратешки и 10 развојни цели. Со истите ќе се зголеми квалитетот на функционалноста на централното и подрачното училиште.

-Инструменти

Инструменти кои ќе се користат при евалуација на овие стратешки и развојни цели се следните:

- ✓ записник, извештај, проект, фотографии
- ✓ набљудување (обсервација), интервју и прашалник

-Индикатор за успешност

Носителот на задачата од акцискиот план треба да даде доказ дека очекуваните резултати се постигнати со помош на следниве индикатори за успешност:

- ✓ Вкупен број на развојни цели во склоп на една стратешка цел кои ќе се реализираат во текот на едно полугодие или една учебна година.
- ✓ Број на развојни цели кои поминуваат низ одредени служби.
- ✓ Времетраење на процесот за комплетирање на една развојна цел со извештаи за траење на минимално и максимално времетараење на процесот.
- ✓ Соработка со други установи
- ✓ Задоволство на учениците и наставниците од реализацијата на акциските планови

-Одговорен за следење

Одговорни лица за следење на акциските планови се:

- ✓ Директор, Тим за соработка, Надзорен одбор, Комисија за јавни набавки, Фирма изведувач, Комисја за мониторинг и евалуација
- ✓ ППслужба, Државен просветен инспекторат, наставници и еко-патрола.

-Повратна информација

По секоја спроведена задача од акцискиот план одговорното лице поднесува извештај со повратна информација за постигнатите резулати.

8.Програми и организација на работата во основното училиште

8.1.Календар за организацијата и работата во основното училиште

СЕДМИЦА	1.	2.	3.	4.	5.	6.	7.	8.	9.	10.	11.	12.	13.	14.	15.	16.	17.	18.	19.	20.	Вкупно
2026 - 2027 год.	Прво Полугодие																				
Работни денови	Септември					Октомври					Ноември					Декември					
Понеделник	/	7	14	21	28	/	5	12	19	26	2	9	16	23	30	/	7	14	21	28	16
Вторник	1	8	15	22	29	/	6	13	20	27	3	10	17	24	/	1	8	15	22	29	16
Среда	2	9	16	23	30	/	7	14	21	28	4	11	18	25	/	2	9	16	23	30	18
Четврток	3	10	17	24	/	1	8	15	22	29	5	12	19	26	/	3	10	17	24	31	17
Петок	4	11	18	25	/	2	9	16	23	30	6	13	20	27	/	4	11	18	25	/	16
Вкупно денови	21					20					21					21					83

СЕДМИЦА	21.		22.	23.	24.	25.	26.	27.	28.	29.	30.	31.	32.	33.	34.	35.	36.	37.	38.	39.	40.	41	42.	4	Вкупно
2026 - 2027 год.	Второ Полугодие																								
Работни денови	Јануари		Февруари					Март					Април					Мај					Јуни		
Понеделник	/	25	1	8	15	22	1	8	15	22	29	/	5	12	19	26	3	10	17	24	31	/	7		17
Вторник	/	26	2	9	16	23	2	9	16	23	30	/	6	13	20	27	4	11	18	25	/	1	8		19
Среда	20	27	3	10	17	24	3	10	17	24	31	/	7	14	21	28	5	12	19	26	/	2	9		21
Четврток	21	28	4	11	18	25	4	11	18	25	/	1	8	15	22	29	6	13	20	27	/	3	10		21
Петок	22	29	5	12	19	26	5	12	19	26	/	2	9	16	23	30	7	14	21	28	/	4	/		19
Вкупно денови	8		20				22						21				18					8			97

За сите Граѓани :
8 Септември (Вторник) Ден на независноста на Р.Македонија
11 октомври (Понеделник) -12 - Ден на народното востание
23 октомври (Петок), Ден на Македонската Револуционерна Борба,
8 Декември (Вторник) „Св.Климент Охридски"
3 Мај (Понеделник) Втор ден Велигден
09 Март (Вторник) Рамазан Бајрам
17 Мај (Понеделник) Курбан Бајрам
24 Мај (Понеделник) „Св.Кирил и Методиј"
За граѓаните од православната вероисповест
30 Април (петок) Велики Петок, петок пред Велигден

Понеделник....33
Вторник 35
Среда.....39
Четврток.....38
Петок.....35

Вкупно.....180

Изработил : Драган Ристов
наставник по Географија во
ООУ„Коста Рацин"-
с.Подареш-Радовиш

8.2.Поделба на класно раководство, поделба на часовите на наставниот кадар, распоред на часовите

Наставните програми за сите задолжителни и изборни предмети ги подготвува Бирото за развој на образованието, а ги одобрува Министерот за образование и наука. Врз основа на тие програми секој одделенски и предметен наставник изготвува своја програма за предметот по кој изведува настава. За реализација на други видови настава (дополнителна и додатна настава) или воспитно-образовни активности одговорните наставници изготвуваат соодветни програми. Во нивното изготвување активно се вклучува и стручниот актив и се применува принцип на тимска работа. Непосредно и континуирано следење на остварувањето на наставните планови по одделенија и паралелки вршат оделенските и предметните наставници. Покрај тоа периодично следење се врши и од страна на:

- Директорот на училиштето
- Стручниот соработник -педагог
- Училишен тим

Во случај на евентуални потреби за остварување на наставните планови (исполнување на фондот на наставни часови) по одделни наставни предмети, потребата ќе се остварува со промени во распоредот на наставните часови.

Човечки ресурси(потенцијал на училиштето)

Во ООУ,,Коста Рацин – с.Подареш оваа година има вкупно 124 ученици и тоа во 8 паралелки во одделенска настава и 6 паралелки во предметна настава.

Забелешка: Бројната состојба на учениците дадена погоре не е конечна бидејќи можни се промени во текот на учебната година.

Одделенски наставници во ООУ„Коста Рацин“-с.Подареш

- I одд. – Божанка Горгиева
-II одд.- Гордана М.Ташкова
- III одд. – Лилјана Лазарева
- IV одд. – Софија Јовановска
- V одд. – Данче А.Илиева
- VI одд. - Анета Јанковиќ
- VII одд. – Симеон Џеков
- VIII а одд. – Драган Ристов
- VIII б- одд. – Драги Коцев
- IX а одд. – Марија Марков
- IX б одд - Анета Илкачева

Одделенски наставници во ПОУ„Коста Рацин“ - с.Јаргулица

I- II одд. – Лефка Милева

III- одд. – Павлинка Андреева

IV-V одд. – Силвана Јанкова

8.3.Работа во смени

<u>СО ОГЛЕД НА РАСПОЛОЖИВИОТ УЧИЛИШЕН ПРОСТОР И БРОЈОТ НА УЧЕНИЦИТЕ, НАСТАВАТА СЕ ОДВИВА ВО ЕДНА СМЕНА.</u>

8.4.Јазик /јазици на кој/и се изведува наставата

	Македонски јазик	Албански јазик	Турски јазик	Српски јазик	Босански јазик
Број на паралелки	16	/	/	/	/
Број на ученици	124	/	/	/	/
Бр. на нас.	24	/	/	/	/

8.5.Проширена програма

ООУ„Коста Рацин“ с.Подареш не организира продолжен престој на учениците бидејќи нема побарување од страна на родителите.

8.6.Комбинирани паралелки

комбинирани паралелки има во ПУ,,Јаргулица поради намален број на деца и оптимизација на училиштето.

8.7.Странски јазици што се изучуваат во основното училиште

Во нашето училиште како прв странски јазик се изучува англиски јазик а како втор изборен германски јазик.

8.8.Реализација на физичко и здравствено образование со учениците од прво до петто одделение

Наставата од прво до петто одделение ја изведуваат одд.наставници во тандем наставници со завршен факултет ФЗО.

8.9.Изборна настава

Пред крајот на наставната 2025/2026 година во училиштето се спроведе првата анкета, а подоцна и втората анкета за изборни предмети по новата концепција, како и анкетата по стара програма. На учениците им беа доделени анкетни листови за да изберат предложени изборни предмети за наредната учебна година, тие имаа можност и самите да си изберат, а и со своите родители. Главен изведувач на оваа задача беше- Педагогот заедно во соработка со соодветни наставници. Врз основа на анкетите кои се спроведоа меѓу учениците и родителите, одделенските раководители добија податоци за определеноста на учениците за изборните предмети и колкава е точната бројка на учениците за изборните предмети. На тој начин се утврдија изборните предмети за 2026/2027 година, за кои имаше пријавено најголем број.

-Предметна настава и одд. настава

- ✓ IV- 1) Народни ора ; 2) Одбојка
- ✓ V одд. с. Јаргулица – 1) Природни убавини на мојата татковина; 2) Готвење
- ✓ V одд. с. Подареш – 1) Обојка; 2) Готвење
- ✓ VI –1)Театарот уметност на емоци; 2) Разрешување на конфликти - игри за разрешување на конфликти
- ✓ VII –1) Уметноста и емоции; 2) Гласот на традицијата
- ✓ VIII – 1) Анализа и пишување на поези ; 2) Разрешување на конфликти - игри за разрешување на конфликти
- ✓ IX – 1) Музички жанрови 2) Креативност преку ракотворби

8.10.Дополнителна настава

Дополнителната настава ќе се организира за оние ученици кои покажуваат континуирано слаби резултати во учењето, а особено ако имаат најмалку две слаби оценки, имаат слаби резултати по одреден наставен предмет, отсуствуваат од наставата по одреден наставен предмет и на барање на ученикот или неговиот родител, односно старател, ученикот упатен на дополнителна настава во текот на еден месец посетува дополнителна настава најмногу по два наставни предмети со најмногу четири наставни часови по наставен предмет, доколку ученикот не ги посетува часовите по дополнителна настава добива неоправдан изостанок, за упатувањето на ученикот на дополнителна настава наставникот задолжително го известува родителот односно старателот.

8.11.Додатна настава

Додатната настава се организира за ученици кои постигнуваат значителни резултати по одделни наставни предмети (талентирани ученици). Додатната настава за учениците наставникот е должен да им ја понуди на учениците, а учениците одлучуваат дали ќе ја посетуваат додатната настава. Додатна настава се реализира со ученици кои покажуваат посебен интерес и натпросечни резултати по одделни наставно-научни дисциплини и исто така се изведува според распоредот направен на почетокот на учебната година, а најинтензивно е реализирана во периодот пред да се организираат натпревари. Најдобриот показател за поинтензивна додатна настава се остварените резултати на натпреварите по поодделните предмети.

8.12.Работа со надарени и талентирани ученици

Надареноста како феномен секогаш претставува предизвик за истражување и проучување, тргнувајќи од препознавањето и идентификацијата на надарените ученици чија што интелектуална способност отскокнува од останатата популација на ученици, па се до изнаоѓање на форми и методи за работа со оваа категорија на ученици. За работа со надарените ученици, наставниците изработуваат: збогатена и проширена програмата, која се спроведува за учениците со исклучителни способности - талентираните ученици. Реализацијата на индивидуализирани програми за надарените ученици се спроведува

преку додатна настава и слободни ученички активности. Целта на ова е подготовка на учениците за натпревари и други манифестации. Со нивното додатно ангажирање се овозможува јакнење на самодовербата, развивање на натпреварувачки дух и зголемување на мотивот за лична афирмација. Од друга страна тоа претставува голем допринос за афирмација и зголемување на угледот на училиштето во поширокаата општествена средина.

8.13.Работа со ученици со посебни образовни потреби

Индивидуален образовен план (во натамошниот текст ИОП) како официјален пишан документ ќе биде потребен за многу мал број на деца, односно каде што сме препознале дека на детето му треба дополнителна подршка во учењето, преку редовни подготовки за прилагодување и користење на различни методи, видови на работа, визуелни помагала и слични приспособувања, кои го олеснуваат и ги отстрануваат бариерите за учење и учество во класот. ИОП е инструмент за планирање и следење, кој треба да го олесни учењето и напредокот на секое дете. Целта на образованието не е само усвојување на предметот- наставните единици, туку и подготовка за живот и работа. Нашата улога е да одговориме на нивните потреби за поддршка во образованието со цел да се постигнат овие цели. Во врска со ова, мора да се нагласи дека не постои одреден ИОП за одредена "дијагноза". Како што децата од "типичен" развој се разликуваат меѓу себе, таков е случај со деца кои имаат одредени тешкотии, пречки во развојот или инвалидност. Ако сме запознаени со дијагнозата на детето може да ни помогне во стратегиите за планирање, но секогаш треба да се има на ум дека не постои еден готов "рецепт" за едукација на децата од одредена група. Оттука и зборот "индивидуален" во фразата индивидуален образовен план. Тој збор не укажува на индивидуална работа со детето, што е честа заблуда. Всушност, правото на индивидуален образовен план, неговата имплементација и евалуација јасно предвидува дека ИОП првенствено се реализира во рамките на заедничките активности во група во училиште- училницата, т.е. наставникот во планирањето на својата работа во група или одделение, вклучува мерки и активности предвидени со ИОП.

Туторска подршка на ученикот

Во ООУ „Коста Рацин“ с.Подареш- Радовиш оваа учебна година не е планирана и организира туторска поддршка на учениците.

План на образовниот медијатор

Во ООУ „Коста Рацин“ с.Подареш- Радовиш оваа учебна година не се планирани активности кои вклучуваат образовен медијатор.

9.Воннаставни активности

Преку ова подрачје на учениците им се дава можност за активен ученички живот, зголемување на интересите и способностите за изградување на морално, културно, естетско чувство и желба за побрз интелектуален развој. Тоа е подрачје во кое пред учениците се експонира вистинскиот живот во кој по завршувањето на основното училиште ќе се вклучат.

Од ова подрачје во нашето училиште ќе се организираат следните активности:

- ✓ Слободни ученички активности;
- ✓ Ученички натпревари;
- ✓ Заедница на учениците;
- ✓ Ученички екскурзии
- ✓ Настава во природа
- ✓ Грижа за здравјето на учениците
- ✓ Соработка со локалната средина
- ✓ Производствена и друга корисна работа
- ✓ Хор и Оркестар.
- ✓ Училишен спорт

9.1.Училиштни спортски клубови

Училишниот спорт има непосредно влијание врз психофизичкиот развој кај учениците, го зајакнува нивното здравје, изградува навики за здрав живот и спортска активност и

култура на добро држење на телото. Ги задоволува потребите за правилен развој на учениците и тоа преку игрите, спортот, во зависност од интересот на ученикот. Во организација на Федерација на Училишен Спорт на Македонија (ФУСМАК) преку Сојузот на Училишен Спорт на град Радовиш се организираат натпевари како во колективните спортови (кошарка, фудбал, ракомет, одбојка и борење) така и во индивидуалните спортови како: шах. Системот на натпреварите предходно утврдено од организацијата на ФУСМАК и Сојузот на Училишен Спорт на град Радовиш и тоа прво се организираат општинските натпревари, победниците од тие натпревари учествуваат на зонски натпревари, а победниците од зонските учествуваат на државни натпревари или на Државни Олимписки Игри кои се организираат на секои две години.

- Секции/Клубови

Слободните ученички активности во училиштето се организираат од петто до деветто одделение и имаат за задача да ја поттикнат и негуваат детската љубопитност, доследност и исправност во извршувањето на задачите, се оспособуваат за критичко мислење, како и да ги почитуваат сопствените резултати и резултатите на другите

9.2.Акции

Одговорниот тим на одделенски и предметни наставници во текот на учебната година ќе организираат хепенинзи,еколошкии и хуманитарни акции кои ќе бидат достапни за сите ученици без оглед на полот/родот, способностите, социо – економскиот статус, здравствената состојба и училишниот успех.

10.Ученичко организирање и учество

Сите активности поврзани со ученичко организирање и учество на учениците во ученичка заедница и ученички парламент ќе бидат реализирани на почетокот на учебната година (септември), кога ќе биде формиран Ученичкиот парламент на училиштето, а ќе биде избран и ученички правобранител. Од страна на одговорниот наставник кој ќе раководи со УП . Во текот на учебната година, заедниците на паралеките во предметна настава ќе одржуваат средби и состаноци и со стручните соработници, според нивните програми за работа, а и дополнително, доколку се укаже потреба за такво ангажирање (инциденти во паралелките, нарушување на дисциплината, климата и сл.

11.Вонучилишни активности

Екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности што се организираат во училиштето се воннаставни активности и тие се реализираат надвор од училиштето со цел проширување и продлабочување на знаењето на учениците од одделни предмети, и воспитно образовни подрачја и наставни предмети, како и постигнување на други воспитно образовни и рекреативни цели.

11.1.Екскурзии, излети и настава во природа

Ученичките екскурзии се таков облик на воспитно –образовна работа преку кои учениците се запознаваат со предметите и појавите во нивната природна средина и во нивните животни услови. Преку нив учениците ги прошируваат своите знаења за одделни подрачја од животот и работата на луѓето и се запознаваат со природните убавини и културно-историските знаменитости на поблиската и поширокатa заедница. Нивната улога и педагошката функција е незамислива во остварувањето на одделни цели и задачи на училиштето, а пред се во остварување на два битни фактори: воспитно-рекреативната и образовната работа.

Согласно Правилникот за начинот на изведување на училишните екскурзии во учебната 2025/2026 година, училиштето оваа година се определи за овој вид на екскурзии:

- ✓ Наставни екскурзии
- ✓ Екскурзии со општо-образовен карактер
- ✓ Екскурзии за забава и рекреација
- ✓ Излети
- ✓ Настава во природа

ПРЕГЛЕД НА БРОЈ И ВИД НА УЧЕНИЧКИ ЕКСКУРЗИИ

Вид на екскурзија	Опфат на ученици	Време на реализација	Одговорни наставници
Еднодневен излет во блиската околина	I-IX	Септември-Мај	Одделенски наставници,одделенски раководители
Комбинирана еднодневна екскурзија	III	Април-Мај 2027 год.	Одделенски наставници
Комбинирана дводневна научна екскурзија	VI	Септември-Јуни 2026-2027 год.	Одделенски раководители
Забавно-рекреативна тридневна екскурзија низ Македонија	IX	Септември-Јуни 2026-2027год.	Одделенски наставници,предметни наставници
Настава во природа	V	Септември-Јуни	Одделенски наставници
Саем на книга, театар,планетариум,посета на државни институции	I-IX	Септември-Јуни	Одделенски наставници,предметни наставници

Екскурзиите ќе се реализираат врз основа на член 6 од Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта.

11.2.Податоци за учениците од основното училиште вклучени во вонучилишни активности

- Учениците учествуваа во повеќе вонучилишни активности:
  - Спортски активности VI до IX одделение 25 ученика
  - Еколошки активности VI одделение 10 ученика

12.Натпревари за учениците

Ученичките натпревари се облик на активност при која еден ученик или група на ученици се трудат побрзо или подобро да постигнат подобри воспитно-образовни резултати. Преку нив се развива и се продлабочува интересот на учениците, се воспоставува активен однос кон наставата, се прошируваат програмските основи, се продлабочуваат и се прошируваат знаењата. Тие ја освежуваат наставата и придонесуваат да се поврзува учењето со животот. Ученичките натпревари влијаат врз зголемувањето на интересот на учениците кон слободните активности, придонесуваат да се развива натпреварувачки дух, да се зближуваат учениците од разни средини, како и да се врши правилен избор на ученици за други активности. Според нивото на одржување, ученичките натпревари можат да бидат: училишни, општински, регионални и републички.

Училиштето кое контуинирано вложува во својот развој и создава позитивна, продуктивна и стимулитивна училишна клима создава и ученици кои можат да го вложат својот максимум за реализацијата на сопствените афинитети и вештини. Правилното канализирање на енергијата која ја носи во себе ученикот и можноста да се надградува според афинитетите е одговорна задача на училиштето, кое го води ученикот кон портите на успехот и надвор од него. Секој ученик се гордее со своите лични постигнувања, како и со постигнувањата кои ги носи во име на училиштето. Клучот на успехот лежи во сите насоки го поттикнуваме мотивот за самодокажување на учениците и желбата за афирмација во општеството.

Програма за училишен спортски клуб во ООУ „Коста Рацин“-Подареш

Акционен план за Училишен Спорт

Тема	Цели	Содржина	Реализатори	Време на реализација	Очекувани ефекти
Одбојка	-да увежбува и усовршува основни одбојкарски ставови и движења, -основни техники на додавања и фаќања на топка во место и движење; -да ја развива манипулативната моторика на спретно реагирање; -да развива моторички движења на екстремитетите и специфична (одбојкарска) координација во просторот;	Одбивања: -одбивање топка со прсти над глава -одбивање топка со партнер -прием на топка од разни правци и висини;	Наставници и ученици	Континуирано во текот на целата учебна година	Развивање на спортскиот дух, фер-плејот, прифаќањето на поразите и победите, тимската соработка,

	-да ја развива координацијата и рамнотежата на локомоторниот апарат во целина; -да ја развива прецизноста со рацете, духот на спортско-коректно натпреварување и фер-плеј; -да го развива духот на спортско– коректно натпреварување и фер-плеј; -да ги учи и применува правилатана одбојкарската игра.	-одбивање топка во разни правци -одбивање топка со техника “чекан” Сервирања: -школска техника сервис -Игра преку мрежа -во парови и во тројки -примена на совладени елементи од одбојката во штафетни игри			социјализација, изградување во здрава личност
Фудбал /Футсал	-да усвојува, увежбува и усовршува основни елементи од фудбалската техника; -да ја развива мускулатурата на долните екстремитети и целиот локомоторен апарат; -да развива општи и посебни моторички движења на локомоторниот апарат специфични за фудбалската игра; -да почитува коректно и фер плеј натпреварување.	Техника -додавање и примање на топка со нога, глава и гради -водење на топки -жонглираwe со топка -удари на гол со нога и глава -голманска техника Игра: -игра на еден и два гола со примена на елементи од техника и правила на игра штафетни игри и полигони со усвоени елементи од техника	Наставници и ученици	Континуирано во текот на целата учебна година	Развивање на спортскиот дух, фер-плејот, прифаќањето на поразите и победите, тимската соработка, социјализација изградување во здрава личност

13.Унапредување на мултикултурализмот/интеркуртуларизмот и меѓуетничката интеграција

Во училиштето наставата се одвива на Македонски јазик и учениците се од македонска националност. Но тоа не не спречува да соработуваме со други училишта со различен идентитет од нашиот, како би разменувале позитивни практики и би биле промотори на редот, мирот, сожителството, културното наследство, традицијата затоа што сме свесни дека не сме само едни и единствени на просторот во кој живееме и работиме. Ние сме потполно свесни дека треба да научиме да бидеме сите едно-сплотени, обединети и така треба да ги учиме нашите ученици и идни генерации. За таа цел училиштето се пријави за учество во компонентата Модел училишта на Проектот за меѓуетничка интеграција во образованието (ПМИО), финансиран од УСАИД и реализиран од страна на Македонскиот центар за граѓанско образование во соработка со Центарот за човекови права и разрешување конфликти. Наш избор за партнер училиште во реализација на мултикултурни активности се ООУ „Абдил Фрашари“ - с. Боговиње и ООУ „Крсте П. Мисирков“- Радовиш. Идејата е размена на култури, традиции, заедничко промовирање на културното наследство меѓу двете училишта преку взаемни посети на културни и образовни манифестации, празници и фестивали. Односно сакаме да бидеме промотори на еднаквоста, мирот, соживотот и толеранцијата, размена на културните и верските, како и образовните вредности.

14.Проекти што се реализираат во основното училиште

- ✓ МИО (Меѓуетничка интеграција во образованието)
- ✓ Програма од проектот „Чекори во интегрирано образование во образовниот систем на РС. Македонија“
- ✓ Еко проект

15.Поддршка на учениците

15.1.Постигнување на учениците

Стручниот соработник во нашето училиште води редовна евиденција на сите постигнувања на нашите ученици кои достојно го претставуваат нашето училиште во сите натпреварувања организирани од БРО, Федерација за училишни спортови на Македонија и други друштва од земјата. Евиденција се води и пооделно за секој ученик и ментор во професионалното досие на секој од наставниците во училиштето. Учениците од нашето училиште имаат завидни постигнувања во повеќе области како од општествено-хуманистичките области, природно-мтематичките предмети и пред се од спортските игри.

-Превентивни програми (насилство, болести на зависност, асоцијално однесување, соработка со установи за безбедност и социјална грижа)

Заштитата и унапредувањето на здравјето на учениците се остварува со редовни систематски прегледи, прегледи на заби, вакцинација, стручни прегледи за што се води евиденција во одделенските книги.

-Безбедност во училиштето

Училиштето е должно да создаде услови и да преземе мерки за пријатен и безбеден престој на учениците. Одговорноста за тоа припаѓа на сите вработени во училиштето, а посебно на директорот. Посебна одговорност за безбедноста на учениците има регионален полицаец.

Заштита во случај на пожар, земјотрес или друга непогода

Содржина и реализирана активност	Цели	Реализатор	Време на реализација	Ресурси	Очекувани ефекти (евалуација)
Донесување и усвојување на програма за активностите на тимот за планирање	Доделување на задолжение на членовите на тимот	Тим за планирање	Октомври 2026	Стручна литература. план и скица	Успешна изработка на програмата
Тестирање на знак на ѕвоно и евакуациска вежба	Да се оспособат учениците и наставниците за препознавање на знаците за опасност и нивна заштита	Тим за планирање, Брза помош, противпожарна	Октомври 2026 Март 2027	Ѕвоно, противпожарно возило	Препознавње на знакот и брза реакција во случај на пожари и други елементарни непогоди

-Позитивно социо-емоционална клима

Во нашето училиште ќе се изготват содржини за ранлива група на ученици за кои препорака дава одделенскиот раководител, советот на одделенските наставници, советот на предметните наставници, стручната служба, во соработка со родителите, содржините се прилагодени на возраста, интелектуалниот и емоционалниот статус на учениците. Ќе се изготват и планови и интерактивни работилници за родителите на учениците кои се вклучени во оваа програма, кои се реализираат од страна на стручната служба во училиштето. Целта е да се обезбеди почитување на личноста, негување на слободата за изразување, остварување на правото на барање, примање и давање информации, интерактивен однос, меѓусебна доверба, почитување на мислењата на сите; еднаквост и правичност – еднакво и без предрасуди на однесувањето кон учениците, родителите, достапност на информации за сите. Изготвување и планирање на интерни обуки во соработка со БРО, Центарот за социјална работа како и високообразовните институции за поддршка на наставниците во планирањето и реализацијата на наведените содржини, како и финансиски план за реализирање.

15.2.Професионална ориентација на учениците

Училиштето планира и превзема конкретни активности за *професионална ориентација на учениците*. Целта на сите активности е навремено и правилно професионално информирање и ориентирање на учениците, учениците да се запознаат со можностите кои ги нудат средните училишта, со структурите и занимањата, да се информираат за условите и критериумите за упис во средно училиште, откривање на интереси и желби на учениците за продолжување на образованието, давање помош за правилен избор на струка и занимање. На полето на професионалната ориентација на учениците се работи континуирано во текот на нивното основно образование. За овие активности се држат и работилници од страна на Педагогот во училиштето.

15.3.Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупореба и запуштање, спречување дискриминација

Во училиштето има изготвено програма за превенција на насилното однесување чија цел е намалување на асоцијалното и насилното однесување во која учествуваат учениците преку индивидуални и групни активности. Училиштето остварува соработка со релевантни институции како што се: МВР; Центарот за социјална работа, Здравствени установи за безбедност преку одржување едукативни работилници за учениците. Стручните соработници и наставниците остваруваат советодавна работа со учениците жртви на насилно однесување и учениците кои манифестираат насилно однесување како и со нивните родители, со цел надминување на ваквите појави. Во соработка со родителите како и преку соработка со релевантни институции во поблиската и поширокатa околина ќе се спроведуваат активности во училиштето во кои ќе учествуваат родителите, учениците и наставниците со цел да се придонесе за подобрување на социоемоционалната состојба на учениците. Училиштето соработува и со Центарот за социјална работа.Црвениот Крст на Македонија одржува обуки и стручни предавања, како и ни доставува информативен материјал со цел едукација на учениците за превенција од болестите на зависност (алкохол, цигари, дрога...) и севкупна грижа за здравјето. Исто така се планираат и работилници од областа на заштита на личните податоци, особено за безбедноста на податоците на интернет и социјалните мрежи, тема која во моментот е актуелна и важна за учениците.

16.Оценување

Согласно Законот за основно образование оценувањето е описно и/ или бројчано и е различно во зависност од квалификационите периоди. Описно оценување на учениците од I - III одд (во текот на целата учебна година).

Бројчано оценување за учениците од IV - VI одд (на крајот од учебната година)

Бројчано оценување за учениците од VII до IX одд (во текот на целата учебна година)

● Учениците од VII до IX одделение ќе се оценуваат бројчано на крајот од секој од периодите.

● Усното проверување ќе се спроведува континуирано во текот на учебната година, следејќи ги критериумите за оценување од БРО и Кодексот на оценување во училиштето.

● Писменото проверување ќе се спроведува континуирано во текот на учебната година според наставниот план и програма и според законот за писмено проверување, а ќе се води сметка за оптеретеноста на учениците за дневно или неделно писмено проверување. За да се спроведе оценувањето наставниците по својот наставен предмет ги планираат методите и инструментите на вреднување и оценување на учениците во годишните и дневните планирања. Наставниците на почетокот и во текот на учебната година ги запознаваат учениците со начините, постапките и критериумите-стандардите на вреднување и оценување согласно наставниот план и програма, како и со целите и очекуваните исходи. Писмените работи и тестови на знаења ќе бидат давани на увид и на учениците и на родителите и ќе се чуваат во досиејата на учениците.

16.1.Видови оценување и календар на оценувањето

Задачи и активности	Рализатор	Целна група	Ресурси	Инструменти	Повратна информација	Време	Критериуми за успех
Пример на тест според стандардите	Училишен Тим	Наставници	Стандарди за оценување	Изготвување на тест	Презентација на тестовите	Октомври	Применета Блумова Таксономија
Методи и инструменти на оценувањето	Училишен Тим	Наставници	Прирачник	Искуства од Наставници	Изработки од Ученици	Цела година	Подобар успех и оценување
Евалуација на Активностите	Училишен Тим	Наставници	Планови и евиденција	Инструменти за набљудување	Извештај од Тимот	Полугодие и крај на учебна год.	Објективно Оценување

Континуирано следење на оценувањето

Задачи и активности	Реализатор	Целна група	Ресурси	Инструменти	Повратна информација	Време	Критериуми за успех
Изготвување на евидентни листови	Училишен тим	Наставници	Евидентни листови	Прирачник	Размена на мислења	Септември	Компатибилност со методите
Формативно и сумативно оценување	Наставници	Ученици	Прирачник	Листи за проверување	Користени искуства	Цела година	Подобар успех и оценување
Набљудување на часови	Училишен тим, Директор Педагог	Наставници ученици	Планови и евиденции	Листа за набљудување	Разговори и консултации	Според планот	Исполнување на барања
Анализа на податоците од следењето на оценувањето	Директор Педагог	Наставници	Училишно планирање, училишно планирање на наставниците, документи и извештаи	Статистичка обработка на податоците	Презентација на анализата пред совет на родители, наставнички совет	2026-2027 Декември јуни	Подобрен континуитет на оценувањето

16.2.Тим за следење, анализа и поддршка

Тимот е формиран од страна на директорот, а го сочинуваат:

- ✓ Горан Јанкулов - педагог
- ✓ Анета Јанковиќ- предметен наставник
- ✓ Драган Ристов- предметен наставник
- ✓ Данче А Илиева- одделенски наставник
- ✓ Лефка Милева- одделенски наставник

Истиот ќе го следи постигнувањето на учениците по периоди, ќе води сметка за примената на стандардите за оценување, а во случај на незадоволство и приговор од страна на ученик или родител во врска со дадената оценка, ќе овозможи согласно Законот за ОО, да се спроведе процедурата на повторно оценување, доколку за тоа се согласи Наставничкиот совет, а по претходно доставено писмено барање од страна на родителот на ученикот. Тимот ќе работи и на поддршка на наставници кои покажуваат слаби резултати во работењето, т.е. ќе се вклучат стручните соработници, директорот и наставникот- ментор со советодавна работа. За тие наставници ќе се изработи акциски план за следење на работењето кој ќе опфати следење на нивните планирања, реализација на наставни и воннаставни активности, инструментите, формите и методите на оценување кои ги користат. Истите ќе треба да присуствуваат на часови кај други наставници, со цел да следат примери на добра пракса. Наставниците кои се иноватори и креатори на развојот на квалитетно оценување ќе бидат вклучени во реализација на интерна обука за оценување која ќе биде наменета за наставниците- почетници и наставници кои покажуваат слаби резултати во работењето. Истите ќе реализираат и отворени часови со цел споделување на добра пракса во училиштето во врска со оценувањето

16.3.Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар

Во текот на учебната година се изготвува план за следење и вреднување на воспитно-образовниот кадар.Следењето се врши од страна на директорот и стручниот соработник-педагог.Истиот се истакнува уште на почетокот на учебната година.

16.4.Самоевалуација на училиштето

Тимот за СЕУ во училиштето го сочинуваат:

- ✓ Горан Јанкулов педагог - (координатор во тимот)
- ✓ Раде Филиповски - предметен наставник
- ✓ Лејла Лиманова - предметен наставник
- ✓ Лефка Милева - одделенски наставник
- ✓ Марија Стојанова - родител
- ✓ Лилјана Атанасова - директор

Во однос на самоевалуацијата, целите за учебната 2026/2027 година се: примена и на доградување на позитивните страни, и во исто време елиминирање на негативните страни кои што се забележани во изминатиот период. Како клучни јаки страни во поглед на самоевалуацијата се истакнуваат:

- ✓ добра соработка меѓу наставниците, директорот и стручната служба;
- ✓ солиден број на одлични ученици и задоволителни постигања на учениците;
- ✓ перманентно следење на постигањата на учениците без разлика на половата, етничката и верската припадност и социјален статус;
- ✓ опфатеност на учениците со воннаставните активности организирани во секции и групи;
- ✓ наградување на учениците кои постигнале значајни резултати на натпревари и конкурси;
- ✓ ефективна работа на стручната служба во училиштето;
- ✓ за постигањата на учениците, родителите редовно с е известувани преку родителски средби, Е-дневник и меѓусебната

соработка на релација наставник– ученик– родител– стручна служба – директор

Од друга страна, слабостите кои се издвојуваат во поглед на самоевалуацијата се следните:

- ✓ слаб интерес и следење од страна на родителите на учениците кои покажуваат послаб успех

Како резултат на воочените предности и недостатоци кои се забележани на ова подрачје, во учебната 2026/2027 година се планирани активности со кои ќе се продолжи развојот на училиштето во рамките на самоевалуацијата:

Осовременување на наставата со употреба на современи наставни средства и помагала; Изградба на спортска сала и доопремување на терени за спортски активности.

17.Безбедност во училиштето

Училиштето е должно да создаде услови и да преземе мерки за пријатен и безбеден престој на учениците. Одговорноста за тоа припаѓа на сите вработени во училиштето. Посебна одговорност за безбедноста на учениците има регионалниот полицаец. За одржување на безбедноста во училиштето, ќе продолжи да функционира физичкото обезбедување и видео надзор, а во ходниците цело работно време ќе се изведува дежурство од страна на наставници. Наставниците дежураат пред почетокот на часовите и за време на големиот одмор,Дежурството на наставниците ќе се изведува и во училишниот двор за време на големиот одмор, а според распоред на дежурство согласно распоредот на часови. Во соработка со Противпожарниот сојуз планирани се активности за едукација на учениците и вработените за превенција и заштита од пожари и други несреќи. Оваа учебна година планирани се и обуки за вработените за безбедност и заштита при работа. Вработени имаат сертификат за прва помош и тие и понатаму се носители на укажување на прва помош и заштита при повреди на учениците и возрасните во училиштето.

18.Грижа за здравјето

Грижата на училиштето за заштита и унапредување на здравјето на учениците е обврска која што се реализира во соработка со родителите, здравствената служба и поширокатa заедница.

18.1.Хигиена во училиштето

Во училиштето треба да се обезбеди беспрекорна хигиена на училишните простории:

Хигиената во училиштето ќе се одржува како и досега од страна на техничкиот персонал, но со активно ангажирање и залагање на сите вработени. За таа цел постои процедура за одржување на хигиената во училниците, ходниците и училишниот двор. Ќе воведеме и избор на најдобро уредена и одржувана училница. Значајна улога ќе одиграат одделенските раководители и сите останати наставници, преку постојано укажување на учениците за значењето на хигиената и преку активности за градење на хигиенски навики кај учениците. Во овие активности ќе бидат вклучени и вработените од техничкиот персонал,а не помалку значајна улога треба да превземат и родителите во јакнењето на личната хигиена кај учениците

18.2.Систематски прегледи

Соработка со заводот за здравствена заштита преку кои ќе се реализираат систематските прегледи за учениците во текот на учебната година.

Организација и реализација на систематски прегледи за учениците од I , III , V, VII одделение и стоматолошки прегледи на сите ученици.

18.3.Вакцинирање

Вакцинирањето се врши во Здравствениот дом, а се опфатени учениците на возраст од: 6 години (Iодделение), 7 години (IIодделение) и 14 години (завршна година на основно училиште. Одговорни лица од училиштето се: директорот (кој го договара времето на реализација) и оделенскиот раководител.

18.4.Едукација за здрава исхрана – оброк во училиштата

Создавање, развивање и негување на лични хигиенски навики кај учениците со предавања, разговори во текот на наставата. Подигнување на нивото на здравствена култура. Водење на постојана грижа за здравјето преку здравата исхрана и чистата околина. Предавања за борба против алкохолизмот и наркоманијата, во реализација на активности од нивниот план и програма.

19.Училишна клима

19.1.Дисциплина

Дисциплината во училиштето го опфаќа меѓусебниот однос на сите субјекти во воспитно - образовниот процес (ученици, наставници, персонал), како и односот на секој од нив поединечно кон материјалните добра и училишниот имот. Таа е пропишана и се реализира според повеќе правни акти како: правила за однесување на учениците, куќниот ред на училиштето, интерни правила за педагошки мерки, распоред на дежурства на наставниот кадар и распоред на дежурства на ученици во училиштето. Во нив детално се разработени правилата на однесување на секој од гореспоменатите субјекти, како и санкциите во случај на прекршување на утврдените правила.

19.2.Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

Преку реализацијата на општествено корисната работа кај учениците ќе се негува позитивниот однос кон работата. Во прилог на тоа во училиштето ќе се превземаат следните активности: одржување на училиштето преку уредување на училниците, ходниците, училишната зграда и училишниот двор. Нашето училиште е активно вклучено и во проектот Еко-проект, чија главна цел е преземање активност и зазачувување на животната и работната средина и

нејзино естетско и функционално облагородување, па во училиштето дејствуваат т.н. Еко Патроли. Членови на овој клуб се ученици од 6 до 9 одд. кои со помош на наставниците по биологија и кординаторот на проектот спроведуваат соодветни активности. Исто така во училиштето функционираат и слободните ученички активности со кои ќе се создадат претпоставки за задоволување и негување на индивидуалните интереси и способности на учениците, а во интерес на уредувањето и одржувањето на просторот и опкружувањето на училиштето. Такви се ликовната секција и секцијата на млади биолози.

19.3.Етички кодекси

Во текот на месец август, 2026 ќе се направи ажурирање на етичкиот кодекс на учениците, наставниците, другите вработени и родителите. Училиштето ќе се залага за негово доследно спроведување преку редовно укажување за почитување од страна на сите субјекти. Етичкиот кодекс ќе биде истакнат на видно место во училиштето (ходници и училници) и на веб страната, со што ќе биде достапен на сите.Определувајќи се за професијата просветен работник наставникот и стручниот работник треба да има јасна слика за својата положба и улога во училиштето и општеството, да ги знае своите права и одговорности и разноликоста на задачите, да биде флексибилна личност која ќе знае да работи со поединци и групи, да се прилагодува на новите барања и да го користи сето свое професионално знаење и умеење.

Во својата професионална работа наставникот односно стручниот работник се обврзува:

- ✓ својата професија да ја врши совесно, одговорно и хумано;
- ✓ воспитанието и образованието да му претставува највисок императив во неговото професионално однесување;
- ✓ да ја чува честа и благородните традиции на професијата просветен работник;

- ✓ при вршење на својата професија не смее да прави дискриминација заснована на пол, раса, боја на кожата, национално и социјално потекло, политичко и верско уверување, имотна и општествена положба;
- ✓ да ја почитува личноста на своите ученици, нивните родители и своите колеги.

Професионалниот лик на наставникот односно стручниот работник

Наставникот односно стручниот работник треба:

- да биде високо стручен за работата што ја врши и да има визија за неа;

- да има современа,општо–етичка и општо културна изграденост и педагошки осет;

- постојано да се ангажира за што поквалитетно и поефикасно планирање и реализирање на наставата со коректност,сигурност, одговорност и прецизност, објективност и непристрасност, начелност и доследност во своето однесување;



- да ги почитува законските одредби и одлуките на органите во училиштето и пошироко;

- **секогаш, секаде да внимава на јазикот кој го користи, тој треба да е литературен, јасен, разбирлив и достоинствен;**

- секогаш да служи за пример со својот изглед, однесување и да гради култура и естетски навики кај своите ученици;

- да внимава на својот морален лик;

- да има одговорен однос спрема средствата и условите во кои или со кои ја реализира својата дејност;

- својата работа во образовната дејност да не ја злоупотребува за лична корист при што не смее да прифаќа подароци, бесплатни услуги или награди кои можат да ја доведат во прашање неговата автономност, професионалност, кредибилитет и достоинство;

- да биде личност во која може да се има доверба со нејзината непосредност, авторитативност, колегијалност, тактичност, хуманост и разбирање на другите и која во училиштето и поширокатa средина има углед како работник и човек;

- постојано да работи на своето стручно – педагошко усовршување, преку користење стручна литература, посета и активно учество на семинари, размена на искуство со колеги и др.

Секој наставник како стручен за определена област, застапник на определена наука во училиштето и поширокатa заедница е одговорен за создавање на интелектуален потенцијал и етичка ориентација треба:

- севкупниот свој потенцијал и ангажман да го мобилизира за афирмација на својот предмет, преку развивање на чувство на збогатеност со нови сознанија кај учениците и предизвикување почит кон предметот, кај колегите, родителите и поширокатa јавност;

- да го популаризира својот предмет и надвор од училиштето, преку учество во јавни трибини, пишување статии, стручни трудови, книги и слично;

- да има критички однос спрема ненаучните теории, идеи и идеологии како и спрема носителите на истите;

- да иницира и да се ангажира во развојни и други проучувања и проекти во училиштето и надвор од него**.**

Наставникот и часот

Извршувајќи ја својата работа наставникот:

- треба навреме да го започне часот;

- треба редовно да го евидентира часот како и отсутните ученици;

- да нема пореметување на планираната работа на часот со соопштенија, разговори и посети;

- добро да го планира секој наставен час за да овозможи позитивна поттикнувачка, опуштена и срдечна работна атмосфера и ангажирање на сите ученици за постигнување максимум од зацртаната цел до крајот на часот;

- часот треба да го изведува според современата наставна технологија, со умешно вклучување и водење на учениците, квалитетно поучување и рационална организација на наставата.

Наставникот, односно стручниот работник и ученикот

Наставникот, односно стручниот работник спрема учениците се однесува како кон субјекти и соработници со примена на постапки кои се во духот на современите педагошки норми, при што:

- ја почитува личноста на секој ученик;

- професионално и чесно се однесува кон секој ученик и е праведен и хуман, објективен и непристрасен, одмерен и доследен без оглед на возраста, полот, верата, националноста, расата и општествено- економската положба;

- со учениците избегнува стил на комуницирање и однесување недолични за професијата што ја обавува;

- верува дека секој може да научи и должен е на секој ученик тоа да му го овозможи;

- не смее да има догматски пристап кон наставните содржини и секогаш ја поттикнува и неговата самостојност,критичноста и индивидуалноста на ученикот, преку методи на активна настава;

- ги познава стиловите на учење и ги оспособува учениците за самостојно учење;

- го учи ученикот како да ги самооценува сопствените постигања;

- го оценува реално знаењето на ученикот со изградени критериуми при што се труди да го открие степенот на знаење кај ученикот, а не да бара празнини односно незнаење и при тоа редовно го информира ученикот;

- бара ученикот навремено и квалитетно да ги извршува своите задачи и тоа редовно;

- не смее да ги омалуважува и навредува учениците;

- со учениците не смее да појавува агресивност, нетолерантност, желба за доминација, плашливост, апатичност,депресивност, некомуникативност, болна

самоувереност, болна амбициозност, ослабени позитивни механизми на однесување и слично;

- никогаш не го казнува ученикот телесно, не го малтретира психички и не се служи со заплашување, уцени, заканувања и други форми на негативно однесување;

- избира и води воннаставна активност во која се смета за најиновативна и преку која ќе им овозможи на учениците да ги задоволат своите интереси и да ги развиваат своите таленти;

- ги познава социјално–економските и други услови во кои учениците живеат и учат;

- должен е редовно да им помага на учениците кои заостануваат во совладување на наставата;

- бара од учениците уредно, пристојно и дисциплинирано однесување и на секој вид на девијантно однесување реагира со укажување;

- должен е да го сослуша секој ученик кога ќе му се обрати за помош во решавање на лични проблеми и да му помогне или да го упати на стручна помош кај компетентни лица во или надвор од училиштето;

- во работата со учениците не ги искажува своите политички убедувања и определувања и не дозволува пропагирање на било какви тесно политички или други видови идеологии (од политичка, националистичка, верска или друга природа);

- со личен пример и со сите средства се бори против причинителите на болеста на зависности другите негативни појави – дрога, алкохол, пушење, криминал и сл;

- меѓу учениците постојано гради односи на другарство, меѓусебно разбирање, соработка и почитување;

Наставникот, стручниот работник и родителот

Наставникот односно стручниот работник е во постојана комуникација со родителите и притоа:

- се грижи за соработката со родителите да биде што понепосредна и ефикасна;

- го поттикнува интересот и ангажирањето на родителите во решавањето на проблемите со учениците;

- за прашањата од личниот и семејниот живот води сметка за потполна дискреција;

- со целосно внимание и одговорност како и со педагошки и културен такт се однесува спрема оние родители кои не пријавуваат нужен интерес за соработка и недоволно се грижат за однесувањето на своите деца;

- навремено и објективно ги информира родителите;

- ги почитува аргументите на родителите;

- бара соработка и ангажман на родителите во решавањето на проблемите;

- упатува на помош од компетентни лица и установи кога тој не е во состојба да помогне.

Меѓусебен однос на наставниците и стручните соработници

За ефикасно и воспитно – образовно формирање на учениците како и во интерес на угледот и достоинството на професијата и училиштето наставникот, односно стручниот работник е должен да се грижи и да придонесува за градење и развивање на позитивни и професионални коректни односи со своите колеги, при што наставникот, односно стручниот соработник е должен:

-да го почитува секој свој колега врз основа на другарство, искреност и отвореност со што се обезбедува услов за креативност и конструктивна работа;

- меѓусебната соработка ја темели врз договарање, разменување на искуства, одлучување и совесно и ефикасно извршување на договорените задачи;

- во комуникација со учениците, родителите и со други лица ја цени стручноста и достоинството на своите колеги и се воздржуваат од изнесување на слабости и озборувања;

- во личен разговор или на стручен соработник добронамерно и без тендециозност укажува на слабоста на својот колега со што го штити угледот на професијата и училиштето;

- ги почитува и спроведува ставовите и одлуките на мнозинството, изградени врз слободата и јавна расправа;

- солидарен е со својот колега особено кога станува збор за решавање на социјални и здравствени проблеми;

- им помага на младите колеги пренесувајќи им го своето педагошко и стучно искуство и знаење.

Наставникот односно стручниот работник и училиштето

Наставникот и стручниот работник, додека се наоѓа во училиштето, е на должност цело време и насекаде при што се обврзува:

- да го почитува работното време и траење на наставниот час;

- активно да учествува во реализацијата на сите планирани и програмирани задачи на стручните органи и тела;

- да се грижи за целиот училишен простор и имот, посебно за кабинетот во кој изведува настава;

- да ги почитува и да се придржува на правилата од куќниот ред на училиштето.

Наставникот односно стручниот работник и општествената заедница

Во современите демократски и плурални услови наставникот, односно стручниот работник исклучиво се води од уставните и законските определби при што:

- целосно и безрезервно ја прифаќа општествено – демократската реалност и ориентација на РС Македонија како самостојна и независна држава и како заедничка на сите нејзини граѓани;

- мора да биде лојален граѓанин на РС Македонија, да го чува нејзиниот углед и авторитет, да се грижи за нејзиниот просперитет, интегритет и сувереност и да придонесува за формирање на учениците во духот на заедничкиот и конструктивен живот независно од националната верска и друга припадност;

- се придружува кон меѓународните стандарди, договори и конвенции за слободите и правата на човекот, а особено Конвенцијата на ООН за правата на детето;

- има право и должност да се залага и да се бори за достоинството на професијата просветен работник;

- се залага и се бори за достојна материјална положба на образовните институции со цел да се обезбеди нивно нормално функционирање како основен услов за квалитетно организирање на едукативниот процес;
- за залага и се бори за соодветен материјален статус на професијата и надградувањето на неговата работа што ќе му овозможи целосно да се посвети на квалитетно, стручно и одговорно извршување на неговите работни задачи.

Завршни одредби

Секој наставник односно стручен работник се обврзува да го почитува и спроведува овој кодекс. За непочитување и непридржување на кодексот одговорен е прекршителот лично.

ЗАБЕЛЕШКА:

Со овој кодекс се опфатени основните барања и начела што го определуваат професионално – етичкото однесување на наставниците и стручните работници. Овие барања и начела можат да се дополнуваат, прошируват и усовршуваат**.**

-Етички кодекс

КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ ЗА УЧЕНИЦИТЕ

- ✓ Доаѓај на училиште редовно и на време!
- ✓ Грижи се за училишниот простор и имот!
- ✓ Грижи се за личната хигиена и хигиената во училиштето!
- ✓ Биди совесен и одговорен!
- ✓ Изгледај и облекувај се пристојно и уредно!
- ✓ Зборувај без да користиш непристојни зборови!
- ✓ Не предизвикувај и не учествувај во каранници и физички пресметки!
- ✓ Движи се низ училишните простории тивко и примерно!
- ✓ Покажи грижа и почит кон своите наставници и кон останатите ученици!
- ✓ Кажи го своето мислење, но послушај го и почитувај го и туѓото мислење кое може да биде и различно од твоето!
- ✓ Исполнувај ги своите училишни задолженија најдобро што можеш!

- ✓ Биди внимателен и активен на часовите!
- ✓ Редовно носи училишен прибор!
- ✓ Прашај ги своите наставници за се она што не го разбираш!
- ✓ Разговарај со своите наставници за она што ти се случува во училиштето и надвор од него!
- ✓ Разговарај со своите родители за она што го учиш во училиштето, што ти се случува и како се чувствуваш во училиштето!
- ✓ Помагај им на помалку успешните ученици!
- ✓ Не користи мобилен телефон за време на часовите!
- ✓ Не носи вредни предмети и повеќе пари во училиштето, бидејќи твоја е одговорноста доколку се загубат!
- ✓ На часовите не е дозволено да се џвакаат мастики, како и истите да се лепат на клупите и столчињата!
- ✓ Отпоздрави го наставникот кога ќе влезе во училница!
- ✓ За време на часот не излегувај во тоалет!
- ✓ Престојувај во училишниот двор за време на големиот одмор кога времето не е студено!
- ✓ Не излегувај од училишната зграда меѓу часовите освен за време на големиот одмор!
- ✓ Не приговарај на опомените на дежурните наставници и ученици!
- ✓ Ако во дворот видиш отпад фрли го во корпа за отпадоци!
- ✓ Штом го слушнеш ѕвончето веднаш влези во училницата!
- ✓ Не ги навредувај и не се однесувај насилно кон помалите и послабите ученици!
- ✓ Пристојно и трпеливо чекај пред училница пред започнувањето на часот!
- ✓ Не смееш да вршиш психичко и физичко малтретирање на учениците и вработените во училиштето!
- ✓ Кога наставникот зборува не го прекинувај!
- ✓ Обраќај им се со ВИЕ на возрасните!

- ✓ Користи молам, благодарам, повели, извини во секојдневната комуникација!
- ✓ Поздравувај со добро утро, добар ден и довидување!
- ✓ Почитувај ги различните од тебе!
- ✓ Истакни ги позитивните особини кај себе со постапки, а не со зборови!
- ✓ Ако не се однесуваат добро со тебе, БИДИ ПРВ кој тоа ќе го промени и однесувај се ти на вистински начин – ПРИСТОЈНО!
- ✓ Задолжително пренесувај ги информациите до своите родители по барање на наставникот!

19.4.Односи меѓу сите структури во училиштето

За подобрување на комуникацијата во училиштето се формира тим кој ќе направи анализа на критичните точки во комуникацијата. За подобрување на училишната клима и односите во училиштето може да се организираат заеднички состаноци-работилници, дебати, предавања, на кои ќе се разгледуваат слабостите во комуникацијата. Во тимот ќе бидат опфатени сите структури во училиштето и ќе биде составен од следните членови:

- ✓ Лилјана Атанасова – Директор
- ✓ Марија Стојанова – Училишен Одбор
- ✓ Верче Коцева - Совет на родители
- ✓ Ученичка заедница
- ✓ Лејла Лиманова – Актив на јазична група предмети
- ✓ Марија Марков – Природно-математички актив
- ✓ Силванка Јанкова – Одделенски актив
- ✓ Габриела А.Митев– Актив за музичко, ликовно и ФЗО

20.Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

За да може заедно училиште да се каже дека е добро треба постојано да постигнува добри резултати и даја унапредува својата работа. Затоа, еден од условите кои се потребни за да биде едно училиште ефективно е да се грижи за кадарот и за неговиот професионален развој и напредување.

20.1.Детектирање на потребите и приоритетите

Современото образование ја наметнува потребата од континуиран професионален развој на образовниот кадар бидејќи тој е еден од клучните фактори што влијае врз постигањата на учениците. За подобрување на квалитетот на образованието на образовниот кадар покрај формалното образование треба да се зема предвид и концептот на доживотно учење т.е нивна континуирана надградба. Почитувајќи го концептот на доживотно учење и новините во образованието, како и констатираните состојби од самоевалуацијата, интегралните увиди, образовниот кадар континуирано присуствува на обуки, семинари, работилници, конференции, трибини, организирани од страна на Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието на Македонија, невладини организации и други релевантни институции. Во нашето училиште постои Тим за професионален развој на наставниците (директор, стручни соработници, претседатели на стручни активи) и нивна задача е да ги детектираат потребите за професионален развој на наставниците и да изберат соодветни обуки.

20.2.Активности за професионален развој

Во нашето училиште постои: **Тим за професионален развој на наставниците во состав на:** директор, стручна служба, претседатели на активи, претставници на УО (еден родител-Претседател на Совет на родители и неговиот заменик.)
Согледувајќи ја националната програма за развој на образованието, последната направена самоевалуација и насоките на МОН и основачот неминовно ги наметнуваат потребите самите наставници да се свртат еден кон друг, како непосредна помош за сопствен и колегијален развој.

20.3.Личен професионален развој

Секој наставник преку сопствениот актив непосредно ги изнесува личните потреби за професионален развој кои потоа по хоризонтала и вертикала се проследуваат во изработка на акциони планови за сите облици на професионален развој.

- ✓ Обуки од секаков облик
- ✓ Семинари (во училиштето и надвор од него)-
- ✓ Работилници на најразлични теми поттикнати од потребите на наставниците заради одредени констатирани пропусти
- ✓ Задолжителна дисеминација
- ✓ Задолжителна изработка на извештаи пропратени со евалуација на секој облик од каде ќе произлегуваат и наредните облици на професионален развој

20.4.Хоризонтално учење

Посетата на наставниците на разни семинари за нивен професионален развој значи и споделување на искуствата и знаењата стекнати на тие семинари. Професионалното стекнато искуство се разменува и споделува со останатите наставици и стручната служба. Сето тоа училиштето го прави преку дисеминација, работилници или отворени часови. Во тој поглед училиштето треба да подготви акциски планови во кои ќе се објаснети активностите и нивните носители, времето на реализација, начинот на следење како и очекуваните резултати и исходи.

20.5.Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

Меѓусебната соработка и почитување играат важна улога во функционирањето на училиштето. Во таа насока училиштето предвидува начини и форми за поттикнување на взаемната соработка помеѓу наставниците. Тука акцент се става на отворената комуникација, почитување на поединечни мислења како и

критичноста и самокритичноста. Стручното усовршување и професионалниот развој на образовниот кадар ќе опфати оспособување на наставниците за реализација на новите програмски содржини кои доаѓаат како резултат на општествените промени, новите научни достигнувања, новите планови и програми од прво до деветто одделение и сл. За таа цел училиштето во текот на целата учебна година ќе се грижи за професионалниот развој на наставниците и ќе се залага за нивно активно учество на работилници, обуки и семинари.

21.Соработка на основното училиште со родителите/старателите

21.1.Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето

Училиштето постојано е отворено за соработка со родителите како за информирање на родителите така и за нивна вклученост во организирањето и донесувањето на одлуки во работата на училиштето преку Советот на родители и нивно вклучување во проектните активности. Соработката со локалната средина ќе се оствари преку редовни средби на Советот на родителите на училиштето, на Советите на родителите на паралелките и на Училишниот одбор. Целта на оваа соработка со локалната средина покрај останатото ќе биде: мотивирање на родителите за проширување и продлабочување на соработката, нејзино интензивирање, промена на ставовите на родителите кон училиштето, подигање на нивото на педагошките знаења на родителите и поттикнување на месното население на работни акции од локален карактер.

21.2.Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и воннаставните активности

Во процесот на учење родителите и покрај тоа што се вклучени со нивните мислења и сугестии за дополнување и измени на секаков вид планирања, даваат поддршка на наставниците за олеснување на работата со ученици со потешкотии

во развојот и посебно ја поддржуваат соработката за напредување на учениците таленти. Семејствата исто така помагаат во прибирање на дидактички материјали, помагала и други наставни средства и материјали. Им даваат поддршка на реализаторите за иновирање во наставата и помагаат при професионалната ориентација на учениците.

-Во активностите во училиштето

За активностите во училиштето родителите даваат иницијативи за поуспешна реализација на слободните ученички активности и другите воннаставни активности, натпревари, екскурзии, приредби, манифестации,промоции и др.

-Во донесување одлуки

За давање на решенија во поглед на реализација на екскурзии,излети, приредби, промоции и др.

21.3.Едукација на родителите/старателите

За поголема вклученост на семејството во училиштето, тоа организира едукативни работилници за родителите, преку соопштенија, флаери, плакати и брошури.

Изработка на брошури на родители

Училиштето изработува брошури и флаери за родителите да бидат запознаени со активностите.

22.Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште

Локална заедница (локална самоуправа, бизнис заедница, месното население)

Нашето училиште е во тесна соработка со општината при реализација на еколошката програма на локално ниво како и при реализација на разни собири и здружувања по одредени случувања во училиштето. Соработката на нашето училиште со локалната средина ќе има за цел нашето училиште што повеќе да се доближи до локалната средина, односно во средината во која е лоцирано, заради информирање на средината за постигнатите резултати, присутните состојби и проблеми во училиштето, како и други видови на соработка, почнувајќи од родителите како најзаинтересирани субјекти за работа на училиштето, преку други воспитно-образовни установи и институции од областа на културата, стопанството и нестопанството во Радовиш, НВО и други огранизации. Оваа соработка со локалната средина ќе се остварува преку разновидни општествени, културни и образовни активности заедно со месното население.

Институции од областа на културата

Задолжително се планираат и се следат објавени конкурси и натпревари на кои се учествува и тоа: литературни и ликовни конкурси, изложби, посета на културно-историски споменици и музеи, библиотеки, театар, ликовни колонии,

Дом на култура, кино-сали. Тука пред се се мисли на: Градската библиотека, Дом на култура и сл.

Институции од областа на образованието

Задолжително се планираат конкурси и натпревари организирани од МОН, БРО, ДПИ, ЕЛС Сектор за основно образование, Сектор за основно образование, на кои учениците ќе земат активно учество и тоа на: литературни и ликовни конкурси, општински и регионални натпревари, државни натпревари, меѓународни натпревари.

Невладени организации

Нашето училиште соработува со УНИЦЕФ и други невладини организации.

Спортски друштва

При реализација на турнири и разни спортски активности, како и активно учество во лигите организирани од Фудбалската Федерација на Р.С.Македонија и Федерацијата за спорт на Р.С.Македонија како и турнири организирани од страна на општина Радовиш.

Здравствени организации

Како и досега и во идниот период нашето училиште продолжува да соработува со ЈЗО Здравствен дом-Радовиш и ПЗО Подареш преку разни здравствени активности како систематски прегледи на учениците од прво, трето, петто, седмо и деветто одделение како и стоматолошки прегледи за сите ученици, разни презентации поврзани со здравјето на учениците и заштитата од разни болести.

Медиуми (со цел за промоција на училиштето)

Општинското основно училиште и во текот на учебната 2026/27 година со цел да го промовира училиштето за организираните и реализираните активности ќе продолжи да соработува со локалните медиуми: телевизиски и радиостаници,

пишани и интернет медиуми.

23.Следење на имплементацијата на годишната програма за работа на основното училиште

Следењето на имплементацијата на Годишната програма за работата на училиштето ја вршат директорот,председателот на училишниот одбор,членови од советот на родители како и просветни инспектори кои се назначени од БРО и МОН.

24.Евалуација на годишната програма за работа на основното училиште

Годишната програма на училиштето претставува основен документ во кој се испланирани сите педагошки активности, одредени задачи и цели, како и начинот на координирање на сите дејствија на педагошките субјекти во училиштето, непосредно и општествената заедница и истата се темели на законски одредби во целокупното нејзино планирање и дејствување. Со следење на Годишната програма за работа ги воочуваме квалитетите во работата, но и потреба од поставување нови повисоки цели за наредната учебна година. Настојуваме во континуитет да обезбедиме висок степен на одговорност и професионалност на сопствениот кадровски потенцијал во извршувањето на поставените задачи и цели. Придржувајќи се на поставените елементи во Годишната програма за работа на училиштето полесно ја исполнуваме својата работа во целост во програмскиот и организацискиот дел.
Области на евалуација :

- Наставен план и програма
- Постигања на ученици

- Учење и настава
- Поддршка на ученици
- Училишна клима
- Ресурси
- Унапредување и раководење

Индикатори за секоја област:

- Планирања на наставниците
- Наставен процес
- Искуства на учениците од учењето
- Задоволување на образовните потреби на учениците
- Оценување, како дел од наставата
- Известување за напредокот на учениците

Постојат повеќе начини на кои може да се соберат докази за нивоата на квалитет: преку разговори со сите заинтересирани страни, разгледување на ресурсите и документацијата, директно набљудување и анализа на документите, дискусии, прашалници, записници, увид во работата и др. Општата употребливост на индикаторите ќе овозможи континуирано партнерство на сите нивоа на образовниот систем, што претставува дополнителна придобивка за сите инволвирани страни во образовниот процес.Сите тие активности се планирани да се реализираат со максимално искористување на сите расположиви потенцијали и ресурси, а со земање во предвид и прилагодување на способностите, можностите, желбите и интересите на учениците. Накратко, се надеваме дека годишното планирање ќе ни овозможи училиштето да биде по мерка на детето.

25.Заклучок

Годишната програма е краткорочен развоен документ кој претставува оперативно планирање на севкупната работа на училиштето. Овој суштински документ ефикасно не води при реализација на планираните глобални активности, евалуациско следење на сите чинители на воспитно- образовниот процес, ги предвидува сите форми и начини на работа овозможени од условите во кои работи училиштето: материјално- технички, кадровски, финансиски и други услови во поширокаta заедница каде егзистира училиштето. Годишната програма ги опфаќа сите податоци за училиштето сите предвидени активности, сите подрачја од училишниот живот почнувајќи од: училишната лична карта, просторните услови за работа и настава, план на просториите, опременоста на училиштето, структурата на училиштето почнувајќи од највисокиот орган, организацијата на работни места на наставниот кадар и вработените, број на паралеки, ученици, етничка и родова структура на ученици, мисија и визија на училиштето, стекнатите искуства, подрачја на промени и приоритети, задачи и цели, план за евалуација, календар за работа, видовите настава (редовна, изборна, додатна и дополнителна, слободни часови) оценување и самоевалуација, воннаставни активности, поддршка на ученици, грижа за здравјето, училишна клима, професионален развој на образовниот кадар, вклученост на семејството во училиштето, комуникација со јавноста. Годишната програма на училиштето е документ за работа на основното училиште за тековната година. Програма претставува најзначаен документ за работа на училиштето.Без двоумење може да се каже дека процесот на планирање е основна и најважна функција во воспитно образовниот процес. Преку планирањето се врши предвидување и анализа на иднината со цел да се

одредат тековните и идни активности кои ќе се преземат. Во современата литература постојат многубројни дефиниции за овој процес, но најприфатлива и најупотребувана е дефиницијата која планирањето го дефинира како менаџмент функција преку која се оценуваат потребите за да се постигнат организациските цели и активностите потребни за нивна реализација. Важен дел од планирањето е процесот на имплементација на планот кој за да биде успешен мора да помине низ неколку битни чекори: распределба на одговорностите на поединци или групи, формулирање детален план за акција, утврдување временска рамка за реализација на планот, рационална локација на ресурсите меѓу поединци или групи и на крај контрола и набљудување на целиот процес на имплементација на планот.

26.Комисија за изработка на годишната програма за работа на основното училиште

Лилјана Атанасова	Директор
Силвана Јанкова	Проф. по одделенска настава
Драган Ристов	Проф. по географија
Анета Јанковиќ	Проф.по македонски јазик
Горан Јанкулов	Педагог

Користена литература

1. Законот за основно образование, Закон за работни односи, Закон за јавни набавки, Закон за организација и работа на органите на државната управа и други закони
2. Подзаконски и интерниакти (Статут, етичкикодекс, деловници за работа на органите итн.),правилници(Правилник за работа на комисии, правилник за дежурства на наставници, правилник за работно време итн.)
3. Наставните планови и програми за основно образование
4. Концепција за деветгодишно образование
5. Статут на училиштето
6. Програма за развој на училиштето
7. Програмата за работа на училиштето од претходната година
8. Извештаи(Годишен извештај на училиштето од претходната учебна година, извештај од интегрална евалвација, извештај од самоевалвација,програма за развој,извештаи за финасиското работење на училиштето,записници).
9. Прирачник за следење на професионалниот развој на наставниците и стручните соработници

Потпис на директор

Потпис на претседател на Училишен одбор

м.п. ----------

П Р И Л О З И

Годишната програма за работа на училиштето е суштински документ кој треба ефикасно да не води при реализација на планираните глобални активности, ефикасно следење на сите субјекти во воспитно-образовниот процес и има општонасочувачки карактер. За секое подрачје од дејноста се изработени подетални планови и програми кои се во прилог на оваа програма. Програмата е отворена за нови идеи, програми, проекти и друго кои ќе водат кон унапредување на воспитно-образовната дејност на училиштето.

Прилози

- ✓ Годишна програма за работа на: директор, педагог, училишен одбор, совет на родители, наставнички совет, стручни активи, библиотекар, хор и оркестар.
- ✓ Акциони планови за реализација на сите проекти во училиштето и акциски истражувања
- ✓ Програма за самоевалуација на училиштето
- ✓ Програма за заштита и спасување од елементарни непогоди
- ✓ Програма за реализација на ученички екскурзии
- ✓ Програма за додатна настава
- ✓ Програма за дополнителна настава
- ✓ Програма за општествено- хуманитарна работа
- ✓ Програма за работа на ученичка заедница
- ✓ Програма за соработка со локална средина и локална заедница
- ✓ Програма за грижа за здравјето на учениците
- ✓ Програма за јавна и културна дејност на училиштето
- ✓ Меѓуетничка интеграција во образованието

- ✓ Чекори кон интегрирано образование во Македонскиот образовен систем
- ✓ Заедничка грижа за правилно насочување на учениците
- ✓ Распоред на часови
- ✓ Програма на инклузивен тим за образование
- ✓ Програма за превенција од насилно однесување во основното училиште
- ✓ Програма за професионална ориентација на ученици
- ✓ Следење, вреднување и унапредување на воспитно- образовната работа
- ✓ Правилник за однесување на ученици, наставници и родители (во училиштето и училишниот двор)
- ✓ Програма за Антикорупциска едукација за учениците од основните училишта

Програма за работа на директор

ВОВЕД

Работата на директорот е насочена кон унапредување на сите сегменти на работа и остварување на целите и задачите на воспитанието и образованието. Директорот ја организира воспитно-образовната работа во училиштето и ги врши следниве работи:

- го застапува и претставува училиштето и е одговорен за законито работење,
- ја организира, планира и ја води работата на основното училиште,
- подготвува програма за развој на училиштето,
- подготвува предлог на годишна програма за работа,
- одговорен е за реализација на годишната програма за работа,
- одговорен е за остварување на правата и обврските на учениците,
- врши избор на наставници, стручни соработници и воспитувачи и друг административно-технички кадар согласно со законот и актите на училиштето,
- врши распоредување на наставници, стручни соработници и воспитувачи и друг административно-технички кадар,
- одлучува за престанок на работен однос на наставници, стручни соработници и воспитувачи и друг административно-технички кадар согласно со закон и колективен договор,
- врши контрола врз начинот на водењето на професионалните досиеја од членот 91 став (3) на овој закон.
- поттикнува стручно оспособување и усовршување на наставниците, стручните соработници и воспитувачи,
- организира менторство за наставниците-приправници, стручните соработници-приправници, воспитувачи-приправници,

- присуствува на часови во наставата согласно со планот за посета на часови од годишната програма за работа на училиштето, за што составува препораки и забелешки од остварената посета кои се приложуваат кон професионалното досие на наставникот и ја следи работата на наставниците, стручните соработници и воспитувачи и ги советува,
- ја следи работата на училишниот педагог, и другите стручни работници,
- се грижи за соработката со родителите,
- ги известува родителите за работата на училиштето и за измени на правата и обврските на учениците,
- одлучува за воспитните мерки,
- ја поттикнува и следи работата на заедницата на учениците,
- обезбедува извршување на одлуките на училишниот одбор,
- ја донесува систематизацијата на работните места на училиштето,
- одлучува за склучување договори за работните односи,
- покренува постапка за дисциплинската одговорност на наставниците, стручните соработници и воспитувачи,
- се грижи за соработката на училиштето со здравствената установа во општината
- врши други работи согласно со закон и статутот на училиштето.

Програмата за работа на училиштето, претставува основа за реализација на поставените цели и задачи за ефикасно и ефективно спроведување на целокупното работење на училиштето. Таа е интегрален дел од Програма за работа на училиштето и директорот ќе се насочи кон нејзина квалитетна реализација.

Директорот на училиштето врз основа на законските прописи и статутот на училиштето, обавува раководна функција која бара темелен, сериозен и одговорен пристап во работењето. Директорот го води училиштето во насока на трансформација и воведување иновации со цел подобрување на квалитетот на наставата и целокупното работење на училиштето.

Со својата работа директорот на училиштето ќе настојува за што поквалитетна организација и реализација на сите подрачја од воспитно-образовната работа во училиштето.Планирањето и програмирањето на работата на директорот ќе биде засновано врз следните принципи: научност, транспарентност, современост, рационализација, конкретизација и развојност и самоевалуација. Оперативните задачи во Програмата за работата на директорот на училиштето ги опфаќаат активностите: **раководење и управување** (планирање и програмирање, координација, упатство и контролирање, извештаи, анализи и вреднувања, информирање, претставување) **раководење на кадарот** (надзор и контрола, поттикнување, вреднување и оценување, одржување ред и дисциплина, помош во надминување на проблемите, разрешување на конфликти) **сопствен развој** (учење и усовршување, креативност во работата, менаџмент на криза), **обработка на информации** (процена, вреднување, анализа и оценување, истражување, проверка и изведување заклучоци) **и комуникација** (соработка со локална средина, комуникации во колективот, административни дописи, информирање за работата и постигнувањата и презентации).

ПОДРАЧЈА НА ДЕЛУВАЊЕ

Задачите за работа на директорот ги опфаќаат следниве подрачјата на делување:

- Административно-организациско подрачје;
- Педагошко- инструктивно подрачје;
- Раководење со училиштето;
- Соработка со средината;
- Стручно усовршување.

ОПЕРАТИВЕН ПЛАН НА АКТИВНОСТИ ШТО ГИ ВРШИ ДИРЕКТОРОТ ПО ПОДРАЈЧА

- ***Подрачје: Административно-организациска работа***

- ***Цели*****:** Успешна подготвеност за нормално одвивање на воспитно-образовната работа, почитување на законската регулатива и грижа за осовременување на училиштето.
- ***Очекувани ефекти*****:** Постигнување на ефикасност во функционирањето на целокупната работа во училиштето, осовременување на воспитно образовната работа, модернизирање на просторот и средствата за работа
- ***Форми на работа*****:** консултации, разговори, соопштенија, решенија и сл.
- ***Соработници*****:** наставници, педагог, секретар

- ***Време на реализација*:** континуирано цела учебна година

Активности	Време на реализација
Распределба на задачи и задолженија на поедини носители: распределба на наставници по предмети и одделенија, стручни активи, одделенски раководства и други задолженија;	Континуирано
Изработка на задолженија и формирање тимови и комисии;	Континуирано
Организација и учество во изработка на нормативни акти;	август, септември
Организација на попис на имотот, изработка на пресметки, завршна сметка и реализација на финансискиот план;	декември-февруари
Организирање реконструкција и адаптација на училишниот простор;	Континуирано
Набавка на основни средства;	Континуирано
Донесување мерки за воведување иновации во целокупната работа на училиштето;	Континуирано
Други прашања од организациска проблематика и материјално-финансиски активности.	Континуирано

Подрачје: Педагошко-инструктивна работа

***Цели*:** Унапредување на воспитно-образовната работа во училиштето.
***Очекувани ефекти*:** Успешен почеток и тек на учебната година, подигање на повисоко ниво на организационата поставеност на училиштето, ефикасност во функционирањето на целокупната работа на училиштето, осовременување на воспитно образовната работа, реализација на Годишната програма за работа на училиштето
***Форми на работа*:** консултации, разговори, соопштенија,анкети и сл.
***Соработници*:** наставници, педагог.
***Време на реализација*:** континуирано цела учебна година

Подрачје:Раководење со училиштето

	Оперативен план на активности	Време	Соработници
1	Изготвување Годишна програма за работа на училиштето	Јули	Педагог, Одговорни на активи Наставници
2	Подготвување на концепција за распределба на: • Наставни предмети и фонд на часови; • Изборни предмети • Одделенски раководства; • Одговорни на стручни активи; • Одговорни за релизација на подрачја од воспитно-образовната работа; • Тимови за следење на релизација на	Јуни-август	

	воспитно-образовната работа		
3	Координирање при изготвување на: • Распоред на часови по изборни предмети; • Распоред на додатна, дополнителна настава; • Распоред на слободни ученички активности	август – септември	
4	Изготвување на сопствена програма за работа и следење на реализацијата на истата	Август	
5	Следење, контрола и анализа на реализацијата на развојниот план на училиштето.	Континуирано	
6	Следење, контрола и анализа на водењето на педагошката документација	септември- јуни	
7	Изготвување планови за професионален развој на наставниот кадар и стручниот соработник – Соработници	Континуирано	
8	Распоредување на наставници, стручни соработници и друг административно-технички кадар	Август	
9	Учество и подршка во интерни и надворешни проекти (Проект за меѓуетничка интеграција во образованието (МИО) – УСАИД), Еколошка интеграција во македонскиот образовен систем (ЕКО)	Континуирано	

1.Раководење и менаџирање

2. Организација и следење на реализација на воспитно-образовната работа

	Оперативе н план на активности	Време	Соработници
1	Соработка со наставниците при изработка на годишни, тематски и дневни подготовки	септември- јуни	Наставници, Педагог,МОН БРО
2	Следење на примената на активни методи во наставата	октомври- јуни	
3	Увид во планирањата на наставниот кадар и стручните соработници	октомври- јуни	
4	Увид во планирањата и реализацијата на додатна, дополнителна настава и слободните ученички активности	октомври- јуни	
5	Создавање на позитивна клима во училиштето	Континуирано	
6	Посета на наставни часови со цел утврдување на: Примена на активни форми на работа во одделенска и предметна настава; Дефинирање и реализирање на целите на часот; Примена на нагледни средства во наставата и ИКТ; Примена на диференцирани цели во наставата; Следење на унапредување на оценувањето; Вреднување на постигањата на учениците;	Континуирано	
7	Сопствено стручно усовршување за стекнување на стручни знаења од област на: -Следење и вреднување на воспитно-образовната работа; -Педагогија, психологија, методика, дидактика	Континуирано	

8	Избор на наставници, стручни соработници и друг административно-технички кадар согласно со закон и актите на училиштето,	август 2024 и јануари 2025	

3. Работа со стручни органи и тела

	Оперативен план на активности	**Време**	**Соработници**
1	Следење на прописи, написи за работата и програмирањето на работата на стручните органи и тела, нивните права, обврски	септември-јуни	Наставници Педагог Родители Членови на УО
2.	Планирање, водење на работата на Совет на одделенски наставници Планирање и водење на работата на Наставничкиот совет	август 2024-јуни 2025	
3.	Следење насочување и учество во работата на стручните активи	октомври-јуни	
4.	Соработка и следење на работата на стручните соработници	ноември-јуни	
5.	Учество во работата на Советот на родители	ноември-јуни	
6.	Следење на реализацијата на Акциски планови	Континуирано	
7.	Соработка и следење на работата на одделенските раководители	Континуирано	
8.	Учество во работата на Училишниот одбор	Континуирано	

4. Аналитичко-студиска работа

	Оперативен план на активности	**Време**	**Соработници**
1	Изготвување информации, осврти, анализи и извештаи	Континуирано	Наставници

2.	Следење на опременоста на кабинетите и условите за работа во училиштето	Континуирано	Педагог
3.	Следење на успехот и поведението на учениците на воспитно-образовните периоди, полугодие и крај од учебната година	Континуирано	
4.	Следење на реализацијата на зацртаните приоритети	Континуирано	
5.	Следење на реализацијата на проектите во училиштето	Континуирано	
6.	Следење на реализацијата на Годишната програма за работа на училиштето	Континуирано	
7.	Анализа на тематски и дневни подготовки	Континуирано	
8.	Следење на професионалниот развој на наставниците	Континуирано	
9.	Носење акти, правилници, кодекси	Континуирано	

Подрачје: Соработка со средината (Соработка со родители, ученици и локална заедница)

	Оперативен план на активности	**Време**	**Соработници**
1	Планирање и следење на реализацијата на родителски средби	септември-јуни	Наставници Педагог родители Совет на родители МОН, БРО, ДПИ, институции Општина Радовиш. ЕЛС-сектор за образование
2.	Планирање на форми за соработка со родителите-трибини, индивидуални средби, работилници и др. културни манифестации	септември-јуни	
3.	Соработка со Ученичката заедница, паралалки, групи или индивидуално	септември-јуни	
4.	Соработка со МОН, ДПИ и БРО на РМ	септември-јуни	
5.	Соработка со основни и средни училишта	септември-јуни	
6.	Соработка со локална самоуправа, градоначалник на Општина Радовиш, ЕЛС-сектор за образование	септември-јуни	

7.	Соработка со институции од интерес на воспитно-образованата дејност: Центри за социјални работи, здравствени установи, осигурителни компании, основни и средни училишта, библиотеки, музеи и други културни центри;	септември-јуни	

Подрачје: Стручно усовршување

	Оперативен план на активности	**Време**	**Соработници**
1	Поттикнување на наставниот кадар и стручните соработници кон самоусовршување	септември-јуни	Наставници Педагог Библиотекар, родители и сл.
2.	Посета на семинари, обуки за професинално усовршување, доквалификации	септември-јуни	
4.	Следење на реализација на програмата на стручните активи	септември-јуни	
5.	Опремување на училиштето со потребни стручни помагала, нагледни средства, изработка на истите	септември-јуни	
6.	Реализација на проектите во кои е вклучено училиштето	септември-јуни	

Други работи и работни задачи

	Оперативен план на активности	**Време**	**Соработници**
1	Обезбедување и подобрување на материјално-техничките услови за работа на училиштето	септември-јуни	Наставници Родители Педагог секретар Технички персонал
2.	Следење и увид во работата на административната служба во училиштето	септември-јуни	
3.	Следење и увид во финансиското работење на училиштето	септември-јуни	

5.	Грижа за хортикултурно уредување на училиштето и училишниот двор и реализација на еколошката програма	септември-јуни	Локална самоуправа Надворешни стручни лица
6.	Грижа за безбедноста на училиштето, за здравјето на учениците, грижа за односи меѓу сите структури, креирање позитивна клима за работа	септември-јуни	
7.	Подготовка на апликации и иницирање проекти	септември-јуни	
8.	Активности за реализации на екскурзии	септември-јуни	
9.	Обновување на училишниот инвентар	септември-јуни	
10.	Следење на план и стратегија за мотивирање на учениците од социјално ранливи семејства за редовно посетување на настава	септември-јуни	
11.	Иницијации и апликации за промена на старите прозори	септември-јуни	
12.	Набавка на наставно-нагледни средства	септември-јуни	
13.	Набавка на потребен книжен фонд за подрачните училишта	прво полугодие	
14.	Организирање на учество во натпревари	Во текот на учебната година	
15.	Учество во одбележување на разни датуми и манифестации	Континуирано	
16.	Следење и поддршка во реализација на програмата за јавна и културна дејност	Континуирано	
17.	Организација на отворени денови на родители	август и во текот на учебената	

		година	
18.	Организација на прием на првачиња и шестооделенци	Септември	
19.	Поддршка во одбележување на 8 ми Септември	Септември	
20.	Поддршка во одбележување на Денот на учителот 5 октомври	Октомври	
21.	Учество во организација за прием на првооделенци во Детската организација на училиштето и подмладокот на Црвен крст	Октомври	
22.	Поддршка во одбележување на Недела на детето	Октомври	
23.	Учество во организација за одбележување на Месецот на книгата, од 15 октомври до 15 ноември	октомври-ноември	
24.	Поддршка во одбележување на 6 ти Ноември	Ноември	
25.	Организација на Новогодишни приредби и прослави	Декември	
26.	Учество во организација за одбележување на Велигденски празници	Април	
27.	Организирање на прослава на патронен празник	Јуни	

Директорот за целокупната своја работа ќе врши самоевалуација, а исто така и евалуација на целокупната работа на училиштето.

ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ ,,КОСТА РАЦИН,, с.ПОДАРЕШ

ОПЕРАТИВЕН ПЛАН ЗА СЛЕДЕЊЕ НА НАСТАВЕН ЧАС

ООУ „Коста Рацин“

Наставник _____

Наставен предмет _____

Тема _____

Наставна единица _____

Одд/паралелка _____

Дата_____ _____

1.	**Цел на посетата**
	Следење на квалитетот на планирањето и наставата
2.	**Активности на евалваторот**
	Проверка на дневната подготовка пред час Консултации со наставникот за квалитетот на дневната подготовка Го следи часот Ги воочува елементите поврзани со поставените цели Забележува Реализира средба со наставникот после часот Ја документира својата работа
3.	**Очекувани исходи од посетата**
	Воочување на јаките и слабите страни на планирањата и наставата
4.	Заклучоци од посетениот час
5.	Насоки за наставникот

Наставник ---------- **Директор ----------**

Рамка за следење на час

Пред часот

1	**Подготовка на часот**(име на училиште, име и презиме на наставник, наставен предмет, датум, паралелка, тема, содржина, цели, исходи, средства, активности наставник/ученик, диференцирани активности, инструменти за оценување,евалуација на часот, ИКТ, домашна работа)
2	**Целите на часот се јасно дефинирани**
3	***Очекувани исходи***
	Јасно се дефинирани и произлегуваат од целите
	Само се набројани
4	**Активности на наставникот**
	Разграничени се од активностите на ученикот
	Соодветни се на поставените цели

5	**Оценување**
	Инструментите за оценување се соодветно изработени и содржатјасни критериуми за оценување
6	**Форми, техники и пристапи**
	Планира само една форма на работа
	Планира групна, парови, индивид. форма или планира да гикомбинира во текот на часот
	Планира различни техники за учење во склад со целите на часот
	Планира активности за деца со ПОП
7	**Наглednост, техника, средства**
	·Планира наглednост, техника, средства
	Ги истакнува целите на часот и Очекувани исходи
	Активности на наставникот
	Соодветни се на поставените цели


За време на часот

	Ги истакнува Целите на часот и Очекувани исходи
	Активности на наставникот
	Постои разновидност на активности (повеќе од 3)
	Задачите за учениците се јасно дефинирани(дава јасни насоки)
	Оценување
	Користи методи за мотивирање: ги пофалува, ги охрабрува
	Оценувањето е јавно и транспарентно
	Задава домашна работа
6	**Форми, техники и пристапи**
	Користи само една форма на работа
	Користи и групна, парови, индивид. форма и ги комбинира во текотна часот
	Користи различни форми на интеракција со учениците: поставувањепрашања, дискусија, презентација итн.
	Користи различни техники за учење во склад со целите на часот иможностите на учениците
	Користи фронтален настап
	Користи пристап на добивање одговори преку логичко размислување
	Применува активности за деца со ПОП
7	**Наглednост, техника, средства**

	Користи наглednост соодветно на темата и поставенитецели(манипулативи и сл.)
	Само ги насочува учениците, што би можеле да користат
	Ја користи техниката што му е на располагање во училницата(ИКТ)
	· Користи дополнителна литература
	· Користи наставни ливчиња
8	**Клима / работна атмосфера**
	Еднакво ги активира учениците, независно од пол, националност,социјална припадност, знаење
	Ги користи правилата за да воспостави дисциплина на часот
	Еднакво ги третира сите ученици

П Р О Г Р А М А За работа на училишниот педагог

за учебната 2025/26 година



Јуни, 2026– с. Подареш

Педагог: Горан Јанкулов

ВОВЕД

Годишната програма за работа на педагогот е изготвена врз основа на:

1. Законот за основно образование (бр. 161/19, 229/20 и 3/25),
2. Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта (бр.161 од 2019- МОН),
3. Упатството за вреднување на исполнувањето на работните должности на стручниот соработник во основното и средното образование (2016, МОН-ДПИ),
4. Годишниот извештај за работата на училиштето за учебната 2025/26 год.,
5. Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2025/26 год.,
6. Самоевалуацијата на работата на училиштето.
7. Извештајот од интегралната евалуација
8. Развојната програма на училиштето,
9. Како и врз основа на стручни материјали од семинарите од БРО-МОН.

Годишната програма за работа на педагогот ги опфаќа следните подрачја:

I. Работа со ученици;
II. Работа со наставници;
III. Работа со родители;
IV. Соработка со заедницата;
V. Професионален развој и професионална соработка;
VI. Аналитичко истражувачка работа;
VII. Училишна структура, организација и клима;

I – Работа со ученици			
Активности	Цели	Соработници	Време
1.1 Реализација на работилници за подобрување на учењето на учениците – Запознавање на учениците со форми, методи и техники на учење и стилови на учење	Учениците да си пронајдат и користата соодветен стил на учење според нивните способноси и можности	ученици, наставници, родители	септември-јуни
1.2. Индивидуална и групна инструктивна- советодавна работа со ученици изготвување на стручни материјали, презентации	-Подршка на учениците за оптимален развој согласно нивните можности, справување со конфликтни, стресни состојби, асертивно наспроти агресивно однесување, почитување на различностите, преоптеретени ученици и сл.	- ученици, наставници, родители	септември-јуни
1.3.Следење и унапредување на работата на ученичкиот парламент	Активно вклучување на учениците во училишниот живот (поттикнување на активен дијалог, слобода на изразување и делување)	ученици	септември-јуни

1.4. Работа со ученици со посебни образовни потреби, со талентирани ученици и ученици со потешкотии во учењето -насоки, упатства во изработката на прилагодени програми со учениците со ПОП и проширени програми за талентираните ученици	Евиденција и подршка на учениците и вклучување во активности кои овозможуваат развој во согласност со нивните можности	ученици, родители, наставници	септември-јуни
1.5. Запишување на учениците во прво одделенеие и прибирање на релевантни информации за учениците и семејството, како и формирање на паралелките	-Целосен опфат на учениците од реонот на училиштето и правилно формирање на паралелките	ученици, родители, наставници	мај – август
1.6. Информирање на учениците за воннаставните активности во училиштето, избор на иста според нивните интереси, способности и желби, - Следење на постигнувањата и напредувањето на учениците во наставните и воннаставните активности (извештај по квалификациони периоди)	-Да се направи анкета за избор и членување барем во една воннаставна активност на секој ученик, -Детектирање на силни и слаби страни во работата и планирање на активности за унапредување на воспитно-образовната работа во училиштето;	-ученици, родители, наставници, директор, Совет на родители, Училишен одбор;	Септември, ноември, јануари, април, јуни
1.7 Реализација на работилници за превенција од зависности	Да знаат и умеат како да се заштитат и избегнуваат средства кои довердуваат до зависност	ученици, наставници	Ноември, декември март
1.8 Реализација на работилници за спречување на насилство во училиштето помеѓу учениците	Да знаат како да спречат насилно однесување и да избегнуваат ситуации и активности кои доведуваат до насилство од сите видови	Ученици , наставници, стручни соработници	Ноември, декември Март, април

1.9 Реализација на мултикултурни работилници преку секциите од Мултикултурна и мултиетничка интеграција преку оптшината со учениците	Да се запознаат со другите етнички припадници во другите училиште во општината и во други училишта во државата и реализација на заеднички активности	Ученици , наставници, стручни соработници	Окотмври-мај

II- Соработка со наставници			
Активности	Цели	Соработници	Време
2.1. Педагошко инструктивна и советодавна работа, изготвување на стручни материјали, презентации и сл. (глобално, тематско, дневни планирање на наставата, педагошка евиденција и докуметација, планирање на ИКТ во наставата, активна настава, оценување, МИО-активности.....)	-Унапредување на воспитно-образовната работа, општо стручно усовршување на наставниците и подигање на едукативното ниво	директор, наставници	септември-јуни
2.2. Следење на планирањата (глобални, тематски, дневни) на наставниците	Поддршка и следење на планирањата на наставниците и подобрување на наставниот процес	директор, наставници	Септември, октомври
2.3. Непосредно следење на наставата и анализи од следењето на наставата (планирања на наставниците, реализирање на наставата, следење на вреднувањето, оценувањето на учениците и сл. Непосредно учество во спроведување на новите наставни	-Изготвување на инструменти / протоколи и непосреден увид во реализација на наставата; -Согледувања, упатства, насоки за унапредување на наставниот процес - Непосредна соработка и помош при реализација на наставните	директор, наставници	X-XI II, III, IV Во текот на целата учебна година

програми од I до VIII одделение	програми		
2.4. Учество во работата на стручни органи и тела (Наставнички совет, Совет на одделенски наставници, Совет на предметни наставници, стручни активи)	-Упатства, насоки за унапредување на наставниот процес (подобрување на организацијата на работата во училиштето во сите сфери на делување, споделување на информации, знаења и искуства, поттикнување на тимската работа)	директор, наставници	септември-јуни
2.5. Соработка со одделенските раководители во: - организирање на родителски средби и изготвување на едукативен материјал за родителите; - поддршка на наставниците за работа со родителите;	Збогатување на содржините за родителска средба, информации, пораки и совети за родителите; Унапредување на соработката со родителите и заедничко воспитно делување;	директор, наставници	септември-јуни
2.6. Учество во изработка на програмата за професионален развој на наставниците, поттикнување и мотивирањена наставниците за континуиран професионален развој;	-Континуирано професионално усовршување на сите структури во училиштето	-наставници	Август , септември
2.7.Стручна помош на одделенски раководители, приправници, ментори, раководители на активи и раководители на секции;	Унапредување на воспитната работа на одделенскиот раководител; Насоки за воведување на приправниците во воспитно-образованта работа; Подобра организација и соработка на активите;	-директор	Септември – јуни

III - Соработка со родителите			
Активности	Цели	Соработници	Време
3.1. Реализација на различни облици на индивидуална и групна соработка со родителите (со родители чии деца имаат проблеми со: изостанување, несоодветно однесување, агресивност, конфликти и насилство, семејства во социјален ризик)	-Интензивирање на соработката родител- училиште и запознавање на родителите со правата и обврските на децата;	-родители, наставници, Совет на родители	септември-јуни
3.2. Педагошко-инструктивна и советодавна работа со родители чии деца имаат потешкотии во учењето, проблеми со социјализација, комуникација и форми и методи на поддршка од страна на семејството и училиштето;	-Подготовка на детето за прво одделение; -Едуцирање на родителите како да ги подобрат вештините за воспитување и поуспешно справување со недисциплината на нивното дете и сл.;	-родители, наставници,	Ноември-март
3.3. Вклучување на родителите во животот и работата на училиштето: Информирање на родителите за начинот на учење и однесување на ученикот во училиштето, Здравствена заштита на децата; Професионална ореиенатција; Јавна и културна дејност;	Заедничко воспитно делување преку градење партнерства со родителите;	Родители Одделенски раководители	октомври-мај

Почитување и прифаќање на различитостите			

IV- Соработка со локалната заедница			
Активности	Цели	Соработници	Време
4.1.Остварување на соработка со различни институции од локалната заедница, релевантни за работата на училиштето (ЈЗУ Здравствен дом Радовиш, ЦСР-Радовиш, ЛС-Радовиш, Црвен крст-Радовиш, МВР-Радовиш, Центар за јавно здравје- Штип)	-Зајакнување на соработката со локалната заедница: -планирање на заеднички наставни и воннаставни активности, превентивни, хуманитарни и културни активности; -справување со кризни ситуации (епидемии, насилство, криминални појави и сл.) -презентирање и промовирање на работата на училиштето и информирање на зедницата за потребите и постигнувањата на учениците;	- наставници, директор	септември-јуни

4.2. Остварување на соработка со други училишта, невладини организации-здруженија,соработка со колеги од други училишта	-Размена на искуства, знаења: -Заедничка соработка во одделни подрачја со релевантни стручни институции;	-Други релевантни институции, , стручни соработници од други училишта	септември-јуни

V- Професионален развој и професионална соработка			
Активности	Цели	Соработници	Време
5.1. Следење на стручна литература, закони, правилници, насоки, упатства од МОН , БРО и сл. 5.2. Отвореност кон промени во спствената работа, внесување на иновации и следење на ефектите;	- следење на промените во образованието - унапредување на сопствената практика	- директор	септември-јуни

5.3.Присуство на обуки, семинари за професионален развој 5.4. Размена на искуства со педагози, психолози, советници од БРО, ДПИ, МОН 5.5. Споделување на материјали, упатства, насоки за унапредување, осовременување на наставната работа; 5.6. Изготвување на инструменти, прибирање на податоци, и анализаирање на потребите за професионален развој на наставниците; 5.7. Соработка при изработка на личен план за професионален развој на наставниците; 5.8. Реализација на едукација со воспитно-образовниот кадар во согласност со потребите- интерно	-континуирано професионално надоградување и усовршување -мотивирање за професионално усовршување и создавање поттикнувачка средина во која сите учат; -идентификација на потребите за професионален развој - Следење на професионалниот развој на наставниците, - да се изработата програми за личен професионален развој на наставниците и стручните соработници	- директор, стручни соработници од др.училишта, советници од БРО, ДПИ, МОН	септември-јуни

стручно усовршување; 5.9.Изработка на личен план за професионален развој на педагогот 5.10. Водење досие за професионалниот развој на наставниците, 5.11. Водење на евиденција за присуство на семинари, обуки на наставниците, стручниот и раководниот кадар			

VI- Аналитичко истражувачка работа			
Активности	Цели	Соработници	Време
6.1. Изготвување на извештаи по класификациони периоди: анализа на успехот, поведението, изостанувањето на учениците, педагошки мерки и сл. и интерпретација на добиените резултати	-Следење на постигнувањата на учениците и планирање на активности за унапредување на работата;	- директор, наставници	Ноември, јануари, март-јуни
6.2. Следење на реализацијата на Годишната програма за работа на училиштето	-Согледување на состојби и Преземање на активности за унапредување на работата во училиштето	директор, наставници	Септември-јуни
6.3. Анкетирање – потреби, ставови и мислења на учениците, наставниците и родителите	Прибирање на мислење за одделни сегменти од работата на училиштето	директор, наставници, ученици, родители	Септември-мај

6.4. Презентирање на резултатите од анализи/извештаи/ анкети – Наставнички совет, родители, ученици	-Согледување на состојби и планирање на активности за унапредување на работата на училиштето;	директор, наставници, ученици, родители;	Октомври – мај
6.5. Спроведување на истражување на прашања актуелни за училиштето-анализа на податоци од квантитативни и квалитативни истражувања;	Унапредувањето на воспитно-образовната работа да се базира на истражување и факти,	директор, наставници, ученици, родители;	Октомври – мај
6.6. Учество во увид на Самоевалуација на училиштето	Самоевалуација на училиштето	- членови на Тимот за самоевалуација на училиштето	Преку цела година
6.7. Обработка на статистички податоци за потребите на училштето и Завод за статистика (УОК и УОП обрасци)	-Добивање на увид во состојбата на училиштето	директор, секретар, настаници	Септември-октомври

VII-Училишна структура, организација и клима			
Активности	Цели	Соработници	Време
7.1. Изготвување на извештај за работата на педагогот за учебната 2026/27 г.	- Транспарентност во работењето и согледување на ефективноста од реализација на програмата	-директор	Јуни
7.2. Изготвување на програма за работа на педагогот за учебната 2026/27 г.	-Ефикасност и ефективност во работата на педагогот	- директор	Јуни-Август
7.3. Учество во изработка на Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2026/27 г.,	Ефикасност во работата на училиштето и стручна помош при конципирањето на програмите	- директор, наставници	Јуни-Август 2026

7.4. Учество во изработка на Брошура – информации за родителите и учениците	Информирање на родителите и учениците со содржината на Годишната програма	- директор, наставници	август, септември 2026
7.5. Учество во изготвување на распоред за дополнителна, додатна настава, консултации со наставници и сл.	Подобра организација за постигнување на подобар успех на учениците;	--директор, наставници	август, септември 2026
7.6. Следење на водењето на педагошката евиденција и документација 7.7. Упатства за водење на педагошката евиденција и документација	-Правилно водење на педагошката евиденција и документација во училиштето	- наставници, директор	септември -јуни
7.8. Водење на евиденција за придојдени, отселени ученици	Следење на осипувањето и анализирање на причините и преземање на активности за намалување на осипувањето	-одделенски, раководители, директор, ДПИ;	септември -јуни
7.9. Водење на евиденција за учество на натпревари и освоени места	Промовирање на постигањата на учениците	- наставници, директор	септември -јуни
7.10. Водење на евиденција за изречени педагошки мерки	Соодветна примена на Правилник за изрекување на педагошки мерки	-наставници, директор	септември -јуни
7.11. Поддршка на учениците за демократско учество на учениците во животот на училиштето преку	Вклученост на учениците во училишниот живот – активен однос на учениците во обезбедување на		септември -јуни

заедница на паралелката и училишен парламент: - инклузивна клима во училиштето; - клима за прифаќање и недискриминација; - искажување на мислења, донесување на одлуки за прашања од непосреден интерес на учениците; - почитување на училишните кодекси;	подобра училишна клима;	-Наставници, Ученици	
7.12. Идентификација и советодавна работа –можни закани по безбедноста (психичка и физичка) за учениците	Поттикнување и создавање на безбедна средина и позитивна клима меѓу сите чинители во училиштето	-Наставници, Ученици	септември -јуни
7.13. Промовирање на вредности кои се однесуваат на прифаќање на различностите, толеранција и ненасилно однесување;	Поттикнување и создавање на клима за прифаќање и недискриминација;	-Директор -Наставници Ученици	септември -јуни

Забелешка: Оваа Годишна програма е флексибилна и во текот на учебната 2026/27 година ќе се променува, дополнува во зависност од потребите што ќе се појават во ООУ„Коста Рацин“- с.Подареш.

Програма за работа на училишниот инклузивен тим

Во училиштето за успешна инклузија на учениците со посебни образовни потреби[1]се изготвуваат годишен (долгорочен), тематски (среднорочен) и дневен (краткорочен) индивидуален образовен план и тоа за оние ученици кои не можат да постигнат цели согласно наставниот план и програма за соодветното одделение. Училиштето има изготвено програма за успешна инклузија на учениците со посебни образовни потреби.

Координатор	Директор- Лилјана Атанасова
Стручен соработник	Педагог- Горан Јанкулов
Членови	Наставник- Анета Јанковиќ Наставник- Лилјана Лазарева Наставник- Данче А. Илиева Наставник- Драги Коцев Родител- Валентина Илиева Дефектолог- Билјана Јованова Наставник-Лефка Милева

Првата цел на оваа програма се однесува на идентификација на учениците со ПОП со цел успешна инклузија на овие ученици во редовното образование. За реализација на оваа цел се планирани следните активности:

[1]Вогрупатаученицисопосебниобразовнипотреби,споредд ефинициjатанаОЕЦДспаѓааттрикатегориученици:
А.Ученици со посебни потреби
Б. Ученици со нарушувања или растројства во однесувањето, емоционалноста или со специфични тешкотии во учењето
В. Ученици кои имаат потреба од посебна поддршка во образованието заради неповолни социо-економски културни или јазични фактори

- Набљудување при упис во I одд.
- Спроведување на прашалник за родителите при упис во I одд.
- Спроведување на процедурата за идентификација на учениците со ПОП
- Стручно консултативни разговори на стручниот соработник со наставниците,одделенските раководители и родителите
- Соработка со надлежни стручни институции(Завод за ментално здравје на деца и младинци,Центар за социјална работа,
- Центар за слух и говор, детски педијатар, невропсихијатар

Втората цел од програмата опфаќа поддршка на учениците со ПОП со цел успешна инклузија на овие ученици во редовното образование. За реализација на оваа цел се планирани следните активности:

- Стручно консултативни разговори на стручните соработници со наставниците и одд.раководители за прилагодување на формите и методите на настава кон потребите на учениците (диференциран пристап)
- Развивање на позитивни ставови кон овие ученици
- Обезбедување поддршка од со учениците
- Стручно консултативни разговори на стручните соработници со учениците со ПОП и нивните родители
- Изготвување на индивидуален образовен план за учениците со посебни потреби согласно процедурата за изработка и следење на ИОП.
- Третата цел од програмата е намената за следење на учениците со ПОП со цел успешна инклузија на овие ученици во редовното образование. За реализација на оваа цел се планирани следните активности:
- Следење на напредокот на учениците со ПОП (стручно-консултативни разговори со наставници, родители, стручни соработници), увид во напредокот на учениците со ПОП (Индивидуален образовен план, изработки научениците)
- Утврдување на постигањата на овие ученици (успех,редовност,однесување)
- Ревидирање на планирањето на наставникот
- Подобрување на постигањата

Реализатори на оваа програма се стручните соработници, одделенските наставници, предметните наставници по соодветниот предмет, училишниот тим за инклузија.

	АКЦИОНЕН ПЛАН НА УЧИЛИШНИОТ ИНКЛУЗИВЕН ТИМ 2026/27 год.						
Задача	**Активност**	**Временска рамка (месец)**	**Носител**	**Начин на Спроведување (ресурси)**	**Инструменти**	**Очекувани резултати**	**Одговорно Лице**
1.Креирање политика за работа со ученици со Посебни Образовни Потреби	Изработка на акционен план и Годишна програма за работа	VIII	Тим	Прирачници: водич за работа на Училишниот инклузивен тим, Основни професионални компетенции и стандарди за Стручни Соработници	/	Подобрување на инклузивниот процес во училиштето	**Тим**
2.Идентификација на ученици со ПОП	Консултации со наставници и родители Опсервација на ученици	IX	Тим	Дијалог, Процедура за идентификација на ученици со ПОП	Лист за иденти-фикација, Анамнеза од родител. Евиденте н лист за Ученик	Евидентирање на учениците со ПОП и градење на соодветна стратегија за работа со нив	**Тим**

3. Формирање инклузивен тим за секој ученик со посебни потреби	**Одредување на членови во тимот**	**IX**	**Тим**	**Закон за Основно Образование**	**/**	**Поквалитетно планирање на индивидуал-ниот пристап**	**тим**

4.Запознавање на предметните наставници од VI одделение со учениците со ПОП кои преминуваат од ододделенска во предметна настава	**Размена на искуства меѓу одделенските и предметните наставници за работата со овие ученици (со ученичко досие)**	**IX**	**Стручни соработници одд. наставници од првоод д. предметни наставници од шесто одд.**	**Дискусија, Досие на ученик со ПОП**	**Евидентен лист за Следење**	**Соодветна поддршка на учениците со ПОП кои преминуваат во VI одд**	**координатор**

5. Изготвување на Индивидуален образовен план	**Изготвување на ИОП-долгорочен, среднорочен, дневно планирање на диференцирани цели**	**IX**	**Наставници, Стручни соработници Родители**	**Год.програма за соодв. одд. Наод и мислење од ЗМЗ, Центар за слух, говор и глас, Клиника за детски болести, Клиника за психијатрија**	**формулар за ИОП**	**Успешна реализација на наставната програма со сите ученици**	**Тим**

6. Континуирана поддршка на учениците со ПОП	**Консулатативни разговори на стручните соработници со одделенските наставници, раководители и родители Советодавно-консултативна работа со учениците со ПОП и нивните со ученици**	**Во тек на учебната година**	**Стручни соработници Одд. наставници Одд.раково-Дители Родите-ли Ученици**	**Консултативно-советодавна работа наставници, родители, ученици, Соработка со советодавен центар за децаи родители. Примена на инструменти, асистивна технологија и тестови**	**Досие на ученик со ПОП евид. лист за следење на ученик инстр. за идент. на ученици со ПОП**	**Подобрување на постигањата Вклучување во животот на паралелката, училиштето и локалната заедница Зајакнување на родителските вештини и капацитети**	**Тим**

7. Соодветен одговор на потребите на учениците со ПОП	**Евиденција за успехот, редовноста и однесувањето на учениците со ПОП Следење и процена на постигањата на учениците и ревидирање на ИОП**	**квартално тековно**	**Училишен инклузивен тим Стручни соработници Одделенски наставници Одделенски раководители**	**Следење на успехот на ученицит е со ПОП, Увид во ИОП**	**евид. лист за следење на учениците, евидентен лист заследење на успехот**	**Искористување на максималниот потенцијал кај ученикот**	**Тим**
8. Обезбедување поддршка од соучениците	**Советодавно-консултативни разговори со одделенските наставници и раководители со паралелката, ученичката заедница, родителите, опсервација, работилници, работа со фокус групи**	**во тек на учебната година**	**Стручни соработници Одделенски наставници Одделенски раководители Предметни наставни**	**Дискусија, Работилници, Опсервирање**	**Досие на ученик со ПОП работилница**	**Подобрување на социјализација-та на овие ученици, подобрување на инклузивната клима во училиштето**	**Тим**

			ци Родители Ученици				
9.Подобрување на социјалната и емоционалната состојба на учениците со ПОП	**Разговори со учениците Советодавни разговори со родителите на родителски и индивидуални средби**	**Тековно**	**Стручни соработници Одделенски наставници Одделенски Раководители Предметни наставници Родители**	**Консултативно-советодавна работа.**	**Евидентен лист за следење на ученикот.**	**Подобрена самодоверба и самопочитување кај овие ученици**	**Тим**

Годишна програма на Училишен одбор

Орган на управување во училиштето е Училишниот одбор. Составот, надлежностите и задачите на Училишниот одбор се определени со Законот за основно образование и Статутот на училиштето.
Училишниот одбор е одлучувачко тело одговорно за управување со училиштето. Улогата на Училишниот одбор е да ги покрива следниве области:

- ✓ Визија и развој на училиштето
- ✓ Избор на клучен персонал
- ✓ Финансиски надзор
- ✓ Прибирање средства
- ✓ Подрашка на проекти
- ✓ Следење на квалитетот на оценувањето
- ✓ Следење на благосостојбата на учениците
- ✓ Подобрување на извештаии до заедницата, БРО и МОН

Планот за работа на Училишниот одбор се темели на евалуацијата од остварувањето на годишната програма и развојното планирање.

- ✓ Редовни седници:

- донесување на Годишна програма (предлог)
- предлагање извештаи
- предлагање финансови планови
- предлагање годишни сметки
- организирање на попис

- ✓ Подршка за профеисонален развој на наставниците
- ✓ Подршка за обезбедување средства и слично
- ✓ Подршка за воведување проекти
- ✓ Унапредување на соработката со советот на родители
- ✓ Учество во донесување на планот за самоевалуација
- ✓ Подршка во обезбедувањето на подобри услови за работа и подобра училишна клима и култура
- ✓ Грижа за имплементација на Годишната програма за работа на училиштето.

АКТИВНОСТИ	ОДГОВОРНИ ЛИЦА	Временска рамка	ПОТРЕБНИРЕСУРСИ	ИНДИКАТОР
Изготвување на програма заработата на УО	Членови на УО	Јули -август	Известување за работа на училиштето, наставен план и програма, закон за ОО,годишен извештај	Забелешки и предлози од Совет на родители,Стручни активи Наставнички совет
Усвојување на годишна програма	Членови на УО	до 14 август	Забелешки и предлози од членови на УО	Годишна програма на УО
Формирање на пописна комисија	наставници	До крајот на тековната год.	Пописни листи на инвентар	Расходување на основни средства на пописот
Разгледување и усвојување на план за јавни набавки	Членови на УО	Јануари	Финансов план за јавни набавки	
Разгледување на полугодишенИзвештај за успех и поведение на учениците во Iполугодие	Членови на УО	Јануари	полугодишен извештај за успех и поведение на учениците во I полугодие во 2026/27	

Давање мислењеза вработување	Членови на УО	континуирано	Приложени документи	Конкурси Одлука од градоначалник
Одлучување по приговори и жалби навработени,ученици,родители	Членови на УО	континуирано	Приговори, молби, жалби, одлуки ма УО	Одлуки на УО
Предлага финансов план до основачот	Членови на УО	Јануари	финансов план на училиштето за 2026	Одобрување од основачот(градоначалникот)
Разгледување на завршна сметка	Членови на УО	Јануари, февруари	Извештај од завршна сметка од книговодител	/
Предлага завршна сметка до основачот	Членови на УО	Јануари, февруари	завршна сметка за 2026	Одобрување од основачот(градоначалникот)
Разгледување на извешта јза успех поведение во I иIIIтримесечие	Членови на УО	Ноември, април	Извештај од успех и поведение	/
Разгледува извештај за извршената самоевалуација	Членови на УО, комисија за самоевалуација	Во период кога се работи самоевалуацијата	извештај од извршената самоевалуација	/
Усвојува Годишен извештај на училиштето и дава предлог за усвојување до основачот	Членови на УО	Јуни, Август	Годишен извештај на училиштето	/

Годишна програма на Советот на Родители

Ред бр.	Програмска содржина	Носители	Време на реализација	Очекувани Ефекти
1.	Запознавање на Совет на родители со прием на бесплатни учебници	Директор Педагог	Август	Правилна прераспределба на бесплатни учебници, и ново набавени таблети за секое дете
2.	Запознавање на СР со Годишната програма на училиште	Директор Педагог	Септември	Активно вклучување на СР во воспитно образовниот процес
3.	Информирање на СР со целите, активностите и проектите на училиштето	Директор Педагог	септември	Придонес на СР за остварување на целите и активно учество во работата на училиштето
4.	Ставови, мислења, предлози на родителите за унапредување на наставниот процес	Совет на родители	септември мај	Придонес на СР за остварување на целите и активно учество во работата на училиштето
5.	Донесување програма за работа на СР	Совет на родители	Јули	Активно учество на СР во реализацијата на Годишната програма
6.	Давање мислење за реализација на ученичките екскурзија и излети	Совет на родители директор	континуирано	Развивање партнерски однос

7	Давање мислење за организирање на фотографирања на учениците и осигурување на учениците	Совет на родители директор	Септември, Март Април	Развивање партнерски однос
8	Вклучување на родителите во организацијата на одбележување на патрониот празник на училиштето	Наставници и Педагог Совет на родители	Мај-јуни	Вклучување на родителите во осмислувањето за одбележување на патрониот празник на училиштето
9.	Разгледување на извештаите за успехот и поведението на учениците во текот на целата учебна година	Директор Педагог	Ноември Април	Следење на напредокот на учениците, превземање конкретни мерки од страна на родителите, придонес за надминување на некои негативни појави
10	Следење на можни фактори кои можат да влијаат на психичко или физичко малтретирање на учениците, а кои негативно можат да влијаат врз формирањета на личноста на ученикот	Педагог Родители Наставници	Октомври Април	Развивање на личноста на учениците
11	Анализа на работата на СР во оваа учебна година -изготвување на извештај	Председател на советот на родители	Јуни	Следење и давање на допринос за унапредување на наставниот процес.

Годишна програма на Наставнички совет

Ред.бр.	Програмски содржини	Време на реализација	Носители на активност
1.	-Подготовка за новата учебна година 2026/2027год -разгледување на предлог-годишната програма -распределба на часови и класно раководство -разгледување на извештајот за реализација на годишната програма -запознавање на наставниците со сите промени во Програмите и плановите -поддршка на училиштето во системот на следење, проверување и оценување	Јуни-август	Директор Педагог Секретар Наставници
2.	-разгледување на планирањата на стручните активи	Август	Директор Педагог Наставници
3.	-Разгледување на успехот, поведението од првото тримесечие	Ноември	Директор Педагог наставници
4.	-Разгледување на успехот, поведението од првото полугодие	Декември	Директор Педагог Наставници

5.	-Полугодишен извештај со евалуација на целокупната ВОР во првото полугодие -разгледување на информации од Советот на родители -Извештај од реализираниот проект	Јануари	Директор Педагог Наставници
6.	-Разгледување на фактори кои влијаат на успехот и редовноста на учениците со предлози за нивно надминување.	Февруари	Педагог
7.	-Анализа на успехот во третото тримесечие -Реализирање на дополнителната настава -Извештаи од примената на нови техники и методи за оценување на учениците	Април	Директор Педагог Наставници
8.	-Утврдување на успехот и поведението во учебната година -донесување на план за одбележување на Денот на училиштето -евалуација на целокупната документација од ВОР и утврдување на она што треба да се планира за следната учебна година. -Извештаи од реализираните проекти	Јуни	Директор Педагог Наставници

Годишна програма на Одделенски совет

Ред. бр.	Месец	Програмски содржини	Носители на активност
	Ноември	-Анализа, разгледување, утврдување на успехот и поведението на учениците на крајот на I - то тромесечие; -Изрекување на педагошки мерки; -Реализација на наставните часови од редовната, изборната и од часовите од другите воспитно-образовни подрачја; -Организирање дополнителна настава за учениците кои покажуваат слаб успех; -Одржување родителски средби -Тековни активности	Наставници Одд. раководители Директор Педагог
	Декември	-Анализа, разгледување, утврдување на успехот и поведението на учениците за I-то полугодие; -Реализација на наставните часови и наставниот материјал по предмети и други воспитно образовни подрачја и воннаставни активности; -Пофалби на учениците како стимулативна мерка; -Одржување на родителски средби;	Одд. раководители Наставници Директор Педагог
	Април	-Анализа, разгледување, утврдување на успехот и поведението на учениците на крајот на II- то тромесечие; -Реализација на наствните часови од редовната настава и другите воспитно-образовни подрачја и реализација на наставниот материјал по наставни предмети; -Одржување на училишни натпревари и учество на општински и регионални натпревари; -Одржување на родителски средби; -Предлог мерки за подобрување на успехот кај учениците; Тековни активности	Одд. раководители Наставници Директор Педагог
	Јуни	-Анализа, разгледување, утврдување на успехот и поведението на учениците на крајот од учебната година; -Реализација на наставниот материјал по наставни предмети; -Реализација на часовите од редовната настава и	Одд. раководители Наставници Директор Педагог

		другите воспитно-образовни подрачја; -Сумирање на резултатите од одржаните натпревари во училиштето и надвор од него; -Пофалба на учениците кои постигнале успех во наставата и воннаставните активности	

Програма за работа и препознавање на надарени и талентирани ученици

Задачи: Креирање политика за работа со надарени и талентирани ученици, стручно усовршување на наставниците, планирање на работата со надарени и талентирани ученици, квалитетна реализација на индивидуалните програми за работа со надарени и талентирани ученици, подобрување на социоемоционалниот статус на надарените и талентираните ученици и следење на индивидуалните постигања на овие ученици.

Активности: Изготвување на програма и акционен план, информирање и запознавање на наставниците со надареноста и талентираноста, разговори со одд. наставници, раководители, предметните наставници и родители, примена на инструменти за идентификација, изготвување на индивидуални програми за работа со надарени и талентирани ученици во наставните и воннаставните активности, следење на реализацијата на индивидуалните програми за работа со надарени и талентирани ученици, советодавно – консултативна работа со ученици, родители и наставници.

Реализатор: на програмата е тимот за работа со надарени и талентирани ученици, составен од стручниот соработник и наставници од училиштето, а координатор е педагогот на училиштето. При тоа, тие работат со учениците и родителите како целна група, ги обезбедуваат потребните ресурси и ја реализираат програмата во однапред утврдена временска рамка.

Очекувани резултати: ефекти од реализацијата на оваа програма се: Поддршка на напредокот на надарени и талентираните ученици , подобрување на пристапот во работата со надарени и талентирани ученици, овозможување на индивидуален напредок во согласност со надареноста или талентираноста, развивање на позитивен став кај учениците кон надарените и талентираните ученици.

1. **Талентираниот ученик се препознава според:**
    - ❖ Високо развиената способност за одредено подрачје, која овозможува натпросечни постигнувања во тоа подрачје;
    - ❖ Забрзан ран развој;
    - ❖ Исклучителни постигнувања;
    - ❖ Исклучително ниво на знаења и вештини;
    - ❖ Исклучителна способност за учење (брзо стекнува знаења, длабоко го разбира тоа што го учи, голем капацитет на памтење);
    - ❖ Мотивација, отвореност, чувствителност;
    - ❖ Креативност;
    - ❖ Социјално прилагодено однесување и поседување социјални вештини;
    - ❖ Емотивна стабилност.

2. **IQ ниво на интелектуалната надареност:**
    - ❖ Блага 115-129
    - ❖ Умерена 130-144
    - ❖ Јака 145-159
    - ❖ Исклучителна 160 + Нема граница на интелигенцијата
3. **Талентираноста кај учениците може да ја воочат:**

- Родителите
- Наставниците
- Педагозите и психолози
- Другарите од одделението

4. **Наставникот ја препознава талентираноста кај ученикот кој:**
   - Брзо учи и добро памти;
   - Покажува необична интелектуална радозналост;
   - Делува независно;
   - Знае да ја пренесе идејата, дури и невербално;
   - Покажува способност за иницијатива.

5. **Општи способности на талентирани деца:**
   - Многу рано прозборело;
   - Рано почнало да користи широк речник на зборови;
   - Многу рано почнало да користи фрази и цели реченици;
   - Многу рано почнало да чита и пишува;
   - Има добра способност за концентрација;
   - Лесно и брзо памти факти и ги поврзува;
   - Учи брзо и лесно;
   - Мисли јасно, ги разбира односите и значењата;
   - Доживува стрес поради високите очекувања од страна на за него важни личности.
6. **Посебни способности:**
   - Вербално-лингвистички (лесно составува реченици, течно чита, убаво пишува...);

- ❖ Логичко-математички (успешно ги разбира броевите и релациите меѓу нив, логички заклучува...);
- ❖ Визуелно-просторни (лесно се ориентира во просторот, лесно ги воочува односите меѓу елементите...);
- ❖ Телесно-кинестетички (добра контрола на движењата и изразени емоции...);
- ❖ Музичко-ритмички (изразен слух за музика, чувство за ритам и мелодија);
- ❖ Интерперсонални (лесно воочува односи меѓу луѓето и комуницира со нив...);
- ❖ Интраперсонални (лесно го препознавасопствениот начин на функционирање и функционирањето на другите...);
- ❖ Натуралистички (лесно идентификува и класифицира шаблони во природата...).

7. Интересирања:

- ❖ Изразува посебен интерес спрема книгите, атласи, енциклопедии…
- ❖ Поставува многу прашања, многу е радознало;
- ❖ Бара дополнителни информации и објаснувања;
- ❖ Располага со голем фонд на информации;
- ❖ Сака да истражува и реализира нови работи;
- ❖ Постојано бара предизвици;
- ❖ Отворен е, добар набљудувач и брзо одговара;
- ❖ Учествува во многу различни активности.

8. Учење:

- ❖ Учи вештини и успешно ги применува;
- ❖ Брзо ги завршува зададените задачи;
- ❖ Брзо разбира;

- Новите работи ги учи брзо и лесно;
- Новите идеи и поими брзо ги совладува и практично ги применува, ги поврзува и воопштува;
- Лесно изведува заклучоци според дадени информации;
- Употребува многу општи значења и практични знаења;
- Независен е во размислувањата;
- Има нови и оригинални решенија и мислења;
- Користи високо ниво на мислење (анализира, синтетизира, проценува, создава ново, применува...).

9. Мотивација:

- Има внатрешна мотивација;
- Сака да учи, чита, истражува;
- Сака предизвици и бара посложени задачи;
- Може долго да го задржи вниманието и да се посвети на задачата;
- Има многу работна енергија и ентузијазам;
- Има висок мотив за постигнувања;
- Сака да биде успешен;
- Си поставува високи цели.

10. Креативност:

- Има оригинални идеи;
- На поставените прашања дава невообичаени одговори;
- Кога решава задачи, наоѓа нови решенија и нови начини на решавање на задачите;
- Познатите работи ги согледува од друг агол;
- Има бујна фантазија;
- Има потреба своите идеи да ги претвора во мали “проекти” – пишува, прави, конструира, експериментира, црта...

11. Особини на личноста на надареният ученик:

- ❖ Има позитивна слика за себе;
- ❖ Упорен е;
- ❖ Спремен на ризик;
- ❖ Индивидуалец;
- ❖ Не зависи од одобрувањето на другите и поддршката;
- ❖ Ги преиспитува правилата и авторитетите и не ги зема здраво за готово;
- ❖ Има изразено чувство за правда;
- ❖ Има чувство за хумор;
- ❖ Поосетлив е од другите деца;
- ❖ Поубаво и поинтензиво запазува и реагира на работите;
- ❖ Умее да се наметне на врсниците и да ја превземе улогата на водач и организатор.

12. Талентираниот ученик умее понекогаш и:

- ❖ Лесно да скршне од темата или задачата;
- ❖ Да ги заврши задачите брзо, но површно;
- ❖ Да даде отпор при исполнување на задачи кои бараат активности што се повторуваат повеќе пати;
- ❖ Да потфрли при работа на задачи кои не го интересираат или ги смета премногу лесни;
- ❖ Да превземе премногу обврски, да се затрупа со работа и да не доврши се што работи, до крај;
- ❖ Перфекциониста е и очекува од другите и тие да бидат такви;
- ❖ Премногу е самокритичен или критичен спрема другите;
- ❖ Не функционира добро во групна работа;
- ❖ Сака да “шефува”.

13. Идентификација на талентирани деца:

- ❖ Мерење на степенот на развиеност на особините на индивидуата;
- ❖ Проценка на особините на поединецот;
- ❖ Проценка на духовните и материјалните вредности на ученикот;
- ❖ Тестирање со психолошки мерни инструменти;
- ❖ Тестирање со педагошки мерни инструменти.

14. Постапки и извори за идентификација на талентирани деца:

- ➢ **Постапка: Проценување на надареноста/талентот**

  Извори на податоци:

  а) родители на учениците;

  б) наставници;

  в)соученици.

- ➢ **Постапка: Евалуирање на квалитетот на ученички творби, изведби, постигнати резултати во учењето**

  Извори на податоци:

  а)успех во одделни наставни подрачја;

  б)литературни и ликовни творби на учениците;

  в)успех во спортски активности;

  г)музички изведби.

- ➢ **Постапка: Тестирање на способностите, особините на личноста и знаењата на учениците**

  Извори на податоци:

  а) тестови на интелигенција;

  б) тестови на посебни интелектуални способности;

  в)тестови за испитување на креативноста;

  г)тестови за испитување на личноста;

  д)тестови на знаења;

ѓ) тестови на музикалност (преку: пеење на песнички, тестирање на чувство за ритам, слушање);

- **Постапка: Анкетирање.**

  Извори на податоци:

  а)анкетни листови;

  б)стандардизирани и нестандардизирани интервјуа;

15. Образовни решенија:

- Издвојување (учење во посебно, специјално опкружување);
- Забрзување (само забрзано школување, без посебна и проширена програма);
- Збогатување(учење по посебна, прилагодена програма, која треба да обезбеди додатни, комплексни и сознајно провокативни образовни искуства).

16. Принципи во работата со талентирани деца:

- Создавање на повеќе можности за ученичко истражување и откривање, со цел задоволување на мотивите на интелектуалната радозналост;
- Покажување на учениците дека нивните "необични" идеи имаат своја вредност;
- Однесување спрема нив - со почит;
- Давање можност што почесто да решаваат сложени проблеми и притоа да доживеат успех и радост во работата;
- Обезбедување на: тимска, проблемска, индивидуализирана, програмирана настава, со поттикнување на високи нивоа на знаење.

17. Посакувани особини на наставникот на талентирани деца:

- Ентузијаст;

- Топла личност;
- Самодоверба;
- Добра смисла за хумор;
- Оригинални идеи;
- Способност за анализа;
- Голема вербална способност;
- Потреба за успеси;
- Способност за мотивирање;
- Близок однос со учениците;
- Флексибилност.

18. Цели на училиштето:

- Проширување на наставната програма;
- Вежбање на способностаза размислување,на повисоко ниво (анализа,синтеза, евалуација);
- Развивање на креативноста;
- Надградување на вештините за решавање проблеми;
- Постигнување успеси.

19. Важноста на родителите во работата со талентирани деца:

- Родителите го насочуваат детето со интензивен, брз и квалитетен поттик, во вештините во кои тоа најдобро ќе се истакне;
- Родителите кои и самите се надарени, ќе бидат почувствителни на знаците на надареност и поподготвени да дадат поддршка на своите деца;
- Детето мора да чувствува љубов, почитување, да има слобода, но и ритам во денот, во смисла на навики, предвидливост односно свет во кој владеат одредени правила;

- Родителите се особено важни во нивниот развој, бидејќи се примарни фактори во живототна децата;
- Најзначајно од се е да се оствари рана квалитетна емоционална врска бидејќи среќни и сигурни деца се многу поупорни во обидувањата кога задачите стануваат посложени;
- Со оглед на тоа дека надарените деца учат побрзо и полесно од просечните потребен им е поширок опсег на активности од вообичаено;
- Секое дете заслужува посебна грижа од своите родители но и од општеството, па така и надареното дете.

20. Програма за работа со талентирани ученици:

- Давање на дополнителни програмски содржини;
- Вклучување во истражувачки и работни тимови;
- Вклучување во натпревари;
- Вклучување во изработка на проекти;
- Вклучување во воннаставни активности;
- Продолжување со активностите и по завршувањето на училишниот ден, со помош на родителите (едноставно и неофицијално, така што детето нема ни да забележи што се случува);
- Барање од ученикот да опише или споредува некој лик од филм што е гледан заедно со него;
- Барање да се опише некој предмет и да се побара решение, како може истиот да се подобри или за што друго може да се користи;
- Читање приказна, прекинување со читањето пред самиот крај и барање од ученикот сам да ја продолжи приказната;
- Изучување широки теми и проблеми од одредени области;

- Интердисциплинарен пристап во наставата, кој е заснован на интеграција на проблемите од различни области на науката, (заради поттикнување на желбата на надарените ученици за проширување и продлабочување на знаењата и развивање способност да реагираат на различните појави);
- Развивање самосталност во наставата;
- Обезбедување флексибилност и разновидност на воспитно-образовниот процес во погледна содржини, облици, методи и вклучување на учениците во одбирање на истите;
- Користење на различни извори на информации;
- Подобрување на просторот и материјалите за работа;
- Овозможување на учениците да ги проценат своите вредности и да создадат сопствени идеи и уверувања;
- Овозможување психолошко-педагошка поддршка заради савладување на личните проблеми на учениците;
- Оспособување на учениците сами да ги дефинираат проблемите со кои се спремни да се занимаваат, и да ги осмислат постапките за пронаоѓање на решенија;
- Развивање на истражувачки дух;
- Оспособување на учениците правилно да приоѓаат на одредени проблеми.

Програма за работа на стручниот актив на одделенска настава
во учебната 2026/27 год.

во ООУ„Коста Рацин“ – с.Подареш Радовиш

За успешна реализација на Воспитно-образовниот процес неопходна е тимска работа и кооперативна соработка со стручните активи.

Планирање по месеци:

Месеци	Содржини
август	Изготвување на план на Стручен актив
	Прием и потврдување на избраните и новите учебници по задолжителните предмети;
	Посета на семинари во наредниот период за дадени новини;
	Проследување на стручна и прирачна литература;
	Реализирање на потребни организациони подготовки за изработка на планирањата;
	Изготвување на план за Еко стандарди
	Подготовка - изработка на програмата за работа (глобално, тематско планирање);
	Планирање и примена на ИКТ во наставниот процес
	Планирање на писмени проверувања, тестови, контролани прашања, контролни задачи, вежби, известувања

	Приспособување на училниците за работаните предмети
	Потврдување на избраните учебници за настава
	Изготвување на план и програма за:
	Родителски средби
	Додатна и дополнителна настава
септември	Договор за подготовка на досиеја (портфолија) за учениците;
	Консултации , соработка со стручната служба;
	Избор и колегијално користење на нагледни средства, донесување заеднички став;
	Планирање за користење на активни методи на работа и техники на учење;
	Планирање родителски средби;
	Планирање на екскурзии, излети и настава во природа
	Договор за одбележување на Неделата на детето
Октомври	Согледување на текот на учењето, разбирањето и совладувањето на наставниот материјал од страна на учениците;
	Согледување, утврдување и примена на критериумите за оценување
	Континуиран увид и следење на развојот на децата кои заостануваат во однос на другите ученици
	Реализација на родителски средби и идндивидуални средби со родителите (по потреба).
Ноември	Консултативна соработка со стручната служба за изработка на инструменти за следење на постигањата на учениците (наставни ливчиња, бодовна листа, листа за самооценување),
	Согледување на постигањата на учениците;
	Согледување на резултатите од дополнителната настава;

	Ангажирање на наставниците, учениците и родителите во вонаставни активности
	Планирање на родителски средби;
Декември	Планирања за дочекот на Нова година;
	Самоевалуација на реализираната настава;
	Подготовка на извештаи за успехот и поведението на учениците во првото полугодие;
	Средување на педагошка евиденција;
	Реализација на родителски средби со пригодна програма
Јануари	➢ **Разгледување и утврдување за работата на стручниот актив на оддленска настава за прво полугодие**
	Договор, утврдување начини за подобрување на резултатите во наставата во второто полугодие од учебната 2026-27 година.
Февруари	Согледување на евентуални потешкотии во работењето и постапување во позитивна насока, отстранување на истите
	Управување на наставниот процес и следење стучна литература
	Договор околу начинот на одбележување на денот на Мајката
	Анализа на извештајот од работата на стучниот актив за првото полугодие
Март	Одбележување на Денот на пролетта и Денови на екологијата
	Планирање родителски средби
	Планирање активности по повод Велигденските празници
април	Договор за учество во Априлијада
	Согледување на евентуални потешкотии во работењето и наоѓање начини за отстранување на истите;
	Анализа на успехот на учениците во првото тримесечие од второто полугодие од учебната година;
	Планирање и договарање на еднодневни излети,екскурзии и настава во природа;

	Подготовка и реализација на родителски средби.
	Подготовка за учество на Меѓународниот детски карневал во Радовиш
Мај	Сумирање и анализа на постигнатите резултати од наставните активности;
	Потврдување на планираните екскурзии, излети и посети на историски места и настава во природа
	Планирање за одбележување на патрониот празник на училиштето
	Подогтовка и активности за одбележување на денот на просветните работници
јуни	Изработка на Годишен извештај за реализираните активности на стручниот актив одделенска настава
	Анализа на постигнатите резултати;
	Договор за идни тековни активности

Програмата ја изработи Активот на одделенска настава во ООУ„Коста Рацин “ с.Подареш –Радовиш

Претседател:Силванка Јанкова

Програма за работа на активот на јазична група предмети

ООУ„КОСТА РАЦИН“ с.ПОДАРЕШ за учебна 2026-2027 год.

Цели	*Активности*	*Време*	*Ресурси*	*Очекувани резултати*	
Создавање на услови за успешен почеток на новата учебна година	Формирање и подготовка на стручниот актив за новата учебна година	Август Септември	Годишна програма; тематско-процесни распределенија по предмети; Наставни планови и програми по предмети Наставни планови и програми за додатна и дополнителна настава Наставни планови и програми за ЕКО, МИО, ИКТ проекти	Сите наставници од активот	Подготовка за успешна реализација на програмите и за меѓусебна соработка на наставниците од активот
	Изработка на годишен план на активот				
	Разгледување на наставниот план и програма по предмети				Следење и примена на современи методи и техники при изработка на наставните планови и програми
	Подготовка и изготвување на програма за додатна и дополнителна настава				Примена на современи форми и методи во наставата
	Изготвување на план и подготовка за тековните проекти ИКТ; МИО; ЕКО и				

	нивно интегрирање во наставата				
	Изготвување на програма за работа со ученици со посебни потреби				
Дефинирање на цели и задачи за проверка на знаењата кај учениците	Почитување на искуства стекнати на семинари и советувања	Октомври	Стручна литература	Сите наставници од активот	Објективност при оценувањето на учениците
	Изработени критериуми за оценување		Примена на изработени критериуми		Да се утврдат интересите и мотивацијата на учениците
Увид во успехот и дисциплината на учениците	Анализа на постигнатиот успех во првото тимесечие	Ноември		Сите наставници од активот Педагошка служба Разговор со родители	Навремено преземање мерки за решавање на проблеми со успехот и дисциплината кај учениците
	Согледувања од реализацијата		Наставни планови и програми по	Сите	Квалитетна настава

Квалитетна реализација на наставните планови и програми	на редовната настава	Декември Јануари	предмети	наставници од активот Педагошка служба	Користење на дополнителна литература
	Согледување и анализа на интересот кај учениците за посета на додатна настава		Наставни планови и програми по предмети за додатна и дополнителна настава		
	Согледување и анализа на интересот кај учениците за посета на дополнителна настава				Објективност при оценувањето Почитување на критериуми за оценување
Стручно усовршување на наставата	Анализа на полугодишниот успех и предлог мерки за подобрување на истиот	Февруари	Педагошка евиденција	Сите наставници од активот	Согледување на резултатите од првото полугодие
	Критички осврт на работата во првото полугодие				
	Елементи за следење на часовите				Примена на современи форми и методи во наставата

Учество на натпревари	Подготовка на ученици за натпревари	Март Април Мај	Значајни резултати во редовната и додатната настава	Сите наставници од активот	Значајни резултати при учество на натпревари
	Согледување на искористеноста на наставните средства				Успешна примена на позитивни искуства
Увид во целокупната работа на стручниот актив	Анализа на постигнати резултати		Извештаи		Подобрување на успехот кај учениците
	Извештај за работата на стручниот актив	Јуни	Педагошка евиденција	Сите наставници од активот	
	Подготовка за продолжителна настава за ученици со слаби оценки				Сумирање на резултати
❖ Покрај забележаните активности активот ќе расправа и за активности кои ќе произлезат од тековното работење.					

Претседател: Лејла Лиманова

членови:

1. Анета Јанковиќ
2. Анета Илкачева
3. Деспина поп Аневска
4. Марија Поцков

Програма за работа на стучниот актив на Природно- Математичка група

ЗА УЧЕБНАТА 2026 / 2027 ГОДИНА

Членови на Стручниот актив

Ред.бр.	Име Презиме	Одделение	Наставен предмет
1.	Нов наставник	VI – IX	Биологија
2.	Нов наставник	VI – IX	Хемија
3.	Нов наставник	V – IX	Т.О., Информатика
4.	Раде Филиповски	VI - VIII - IX	Математика
5.	Драги Коцев	VI-VII - VIII - IX	Математика, Физика
6.	Драган Ристов	VII – IX	Географија
7.	Нов наставник	V	Природни науки

1. Главни цели	2. Иновации	3. АКТИВНОСТИ
* Подобрување на квалитетот на наставата преку внесување на современи методи, форми и нагледни средства во наставниот процес *Изработка на програма за примена на ИКТ во наставната програма - индивидуално по предмети.	*Иновирање на наставата - користење компјутери во наставвниот процес *Користење на техники, стратегии од предметите од природно - математичката група.	* Примена на ИКТ и расположливи нагледни средства

* Зголемување на мотивацијата и одговорноста на наставниците за сопствено напредување.	*Иработка на план за самостојни активности кој ке биде вметнат во ресурсот годишно планирање.	*модернизација во образованието *ПМИО (Проект за меѓуетничка интеграција во образованието *Успешна изработка на програмата.
*осовременување на воспитно-образовниот процес преку реализирање на Наставните планови и програми *осовременување на воспитно-образовниот процес преку реализирање на Наставните планови и програми по Кембриџ	*користење на нови техники и стратегии ,со примена на нови формулари за дневна подготовка според барањата	*информирање на наставниците, родителите, учениците за постигнатите успеси, проектни и воннаставни активности *успешно изработена програма за работа *посета на семинари
*Меѓусебно помагање во изработувањето на годишните програми преку пренесување на искуства и идеи од примена на стратегии и техники во претходното одделение.	*Користење на алатка Зелен пакет и Зелен пакет -јуниор интегриран во предметите од природно - математичката група и расположливите нагледни средства, вметнување на наставни содржини поврзани со ЕКО-проектот.	*соработка со стручната служба-психолог, директор, наставници, родители, ученици *Разговор за содржината на ученичкото портфолио и формуларот за дневна подготовка
* подобрување на успехот и дисциплината	Размена на мислења, идеи	*следење на процесот на реализација на наставата и подготовка на учениците за натпревари
*меѓусебно помагање и координирање на активностите на наставниците и посета на нагледен час.		*разрешување на проблемите во воспитно –образовниот процес, размена на мислење, идеи и пренесување на искуства

*споделување на искуства и дидактички стратегии во функција на образовниот процес		*следење и реализација на воннаставните активности
*користење на ИКТ во наставата *и користење на расположливите наставни средства		*следење на часови од страна на директорот, педогаошка служба и колеги од активи
* примена на стратегии,техники и методи *Да се запознаат наставниците со критериумите за сертификација за примена на ПМИО и да се подготват за исполнување на истите		Посета на часови, размена на мислење и идеи Средување на портфолија Предавање- истражување за одредени техники гледање на видео запис од одржан час Пријавување на членовите на активот за сертификација

СОДРЖИНА:

ВРЕМЕНСКА РАМКА: АВГУСТ – ЈУНИ					
КОНСТИТУИРАЊЕ НА АКТИВОТ	ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОГРАМА НА АКТИВОТ	ИНФОРМИРАЊЕ НА НАСТАВНИЦИТЕ ЗА ПРЕДСТОЈНИТЕ СЕМИНАРИ	РАЗГЛЕДУВАЊЕ НА НАСТАВНИТЕ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ	ДОГОВОР ЗА ИЗЕДНАЧУВАЊЕ НА МЕТОДОЛОГИЈАТА ЗА ГОДИШНИ И ТЕМАТСКИ ПЛАНИРАЊА КАКО И ЗА ДНЕВНИТЕ ПОДГОТОВКИ	ПОДРЖУВАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОЕКТОТ МИО
ИЗВЕШТАЈ ОД ОДРЖАНИТЕ ОБУКИ И СЕМИНАРИ	ОДРЕДУВАЊЕ НА НАСТАВНИЦИ ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА НАГЛЕДНИ ЧАСОВИ за ПМИО Распоред на нагледните часови	АКТИВНОСТИ ПО ПОВОД НА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ЗНАЧАЈНИ ПРАЗНИЦИ, ЕКО АКЦИИ	РАЗГЛЕДУВАЊЕ НА ПРЕДЛОЗИ И ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ЧЕК ЛИСТИ ЗА МИКРОСУМАТИВНИ ОЦЕНКИ ВО ПЕТТО И ШЕСТО ОДДЕЛЕНИЕ	РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ ЗА СЕРТИФИКАЦИЈА	
	РАЗГЛЕДУВАЊЕ НА ПОСТИГНАТИТЕ	МЕРКИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА УСПЕХОТ И			

	РЕЗУЛТАТИ НА УЧЕНИЦИТЕ ВО ПРВОТО ТРОМЕСЕЧИЕ ВО УЧЕБНАТА 2026/2027 година ЗА УСПЕХОТ И ПОВЕДЕНИЕТО	ПОВЕДЕНИЕТО			
ПОЛУГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ОД УСПЕХОТ И ПОВЕДЕНИЕТО НА УЧЕНИЦИТЕ ЗА УЧЕБНАТА 2026/2027 год и РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ (ДОДАТНА , ДОПОЛНИТЕЛНА		РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНИОТ ПЛАН И ПРОГРАМ	А)ЗАДОЛЖИТЕЛНА НАСТАВА Б)СЛОБОДНИ УЧЕНИЧКИ АКТИВНОСТИ В)ДОПОЛНИТЕЛНА НАСТАВА	КОМПЛЕТИРАЊЕ НА ПОРТФОЛИЈАТА И ПРИЈАВУВАЊЕ ВО БРО ЗА СЕРТИФИКАЦИЈА	

И СЛОБОДНИ УЧЕНИЧКИ АКТИВНОСТИ)					
ПОСЕТА НА НАГЛЕДЕН ЧАС – РАЗМЕНА НА ИСКУСТВА И ИДЕИИ	МЕРКИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА УСПЕХОТ КАЈ УЧЕНИЦИТЕ ПРЕКУ РЕДОВНО ОДРАЖУВАЊЕ НА ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ	СОГЛЕДУВАЊЕ И ИНФОРМИРАЊЕ ЗА АДАПТАЦИЈАТА НА УЧЕНИЦИТЕ ОД VI ОДД.	РАСПОРЕД НА НАГЛЕДНИТЕ ЧАСОВИ		
КОНСУЛТАЦИИ ПО ОДРЖАНИТЕ НАГЛЕДНИ ЧАСОВИ СО НАСТАВНИЦИТЕ И ПЕДАГОШКО-ПСИХОЛОШКАТА СЛУЖБА			ПРЕДАВАЊЕ-ИСТРАЖУВАЊЕ ЗА НОВИ ТЕХНИКИ		

ДОГОВОР ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ ЕДНОДНЕВНА И ПОВЕЌЕ ДНЕВНА НАУЧНА ЕКСКУРЗИЈА	ПОДГОТОВКА ЗА ПРОСЛАВА НА ПАТРОНИОТ ПРАЗНИК НА УЧИЛИШТЕТО	НАГЛЕДЕН ЧАС / МРПРЕЗЕНТАЦИЈА	ПРОВЕРУВАЊЕ НА ПОРТФОЛИЈАТА И ПРИЈАВУВАЊЕ ВО БРО		
АНАЛИЗА И ДИСКУСИЈА ЗА РЕАЛИЗАЦИ ЈА НА НАГЛЕДНИОТ ЧАС И ПРИМЕНА НА НАГЛЕДНИ СРЕДСТВА	АНАЛИЗА ОД ОДБЕЛЕЖУВАЊЕТО НА ДЕНОТ НА УЧИЛИШТЕТО	СОГЛЕДУВАЊЕ И ПРОЦЕНКА НА ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИ ОД РАБОТАТА НА СТРУЧНИОТ АКТИВ ВО ИЗМИНАТАТА ГОДИНА	ПРЕДЛОЗИ ЗА ИЗМЕНИ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА СТРУЧНИОТ АКТИВ ЗА НАРЕДНАТА УЧЕБНА ГОДИНА		

Реализатори: Наставници од стручниот актив

Забелешка: доколку има потреба оваа програма може да претрпи промени и дополнувања кои се во корист на целиотактив и во согласност на активот и претседателот.

2026/2027 год.
ООУ,, Коста Рацин,,с.Подареш с.Подареш

Претседател на стручен актив : Марија Марков

Програма за работа на стручниот актив по Ликовно, Музичко и Физичко образование

ПЛАН ЗА РАБОТА НА СТРУЧНИОТ АКТИВ ПО ЛИКОВНО,МУЗИЧКО И ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ ВО УЧЕБНАТА 2026/27 ГОДИНА

Работата на активот во учебната 2026/27 година ќе се реализира низ постојана соработка, дискусија, осврти, анализи и корелација меѓу наставниците од овој актив. Во текот на работата на активот, можно е да се внесат некои нови содржини кои ќе бидат од посебно значење и покрај тоа што не се внасени во програмата.

Наставни теми	Време	Соработка
- Разгледување на наставните програми за 6,7, 8, 9 одд, изработка на годишни и тематски планирања според истите. **- Изработка тематски планирања за месец Септември.-** **Планирање и изработка на програма за дополнителна и додатна настава** **- Изработка тематски планирања за месец Октомври.**	Август Септември	Наставниците од активот- педагог
-Разгледување на активностите за унапредување навоспитно- образовната дејност- Планирање и изработка на програма за дополнителна и додатна настава- Изработка на инструменти за објективно вреднување на работата и унапредување на учениците- Прибирање и изработка на нагледни средства за наставата.	Октомври	Наставниците од активот

- Анализа на постигнатите резултати на учениците во првото тромесечие од учебната година.- Изготвување и текстуално прилагодување на евидентните листови според критериумите и стандардите на оценување- Изработка тематски планирања за месец Декември.- Конструкции во врска со реализацијата на редовната настава . Предлог мерки за подобрување на успехот онаму кај што истиот е послаб- дополнителна настава.	Ноември	Наставниците од активот
- Соработка со наставниците по други наставни предмети заради застапеност на наставни содржини од други наставни предмети- Изработка тематски планирања за месец Јануари- Изработување и текстуално прилагодување	Декември	Наставниците од активот
-Анализа на полугодишните резултати од наставната работа- Учество и формирање на екипа за регионален натпревар - Изработка на тематски планирања за месец Февруари	Јануари	Наставниците од активот
-Изработување на тематско за месец Март.	Февруари	Наставниците од активот
-Учество на регионални натпревари- Изработка тематски планирања за месец Април	Март	Наставниците од активот
- Разгледување на постигнатиот успех на учениците и предлог мерки за неговото подобрување онаму каде затоа има потреба- Изработување и текстуално прилагодување на евидентните листови според критериумите и стандардите на оценување- Изработка тематски планирања за месец Мај- Учество на регионален натпревари	Април	Наставниците од активот
- Изработка тематски планирања за месец Јуни-		

Учество на регионални и републички натпревар- Анализа од резултатите од резултатите од регионалните и републичките натпревари .	Мај	Наставниците од активот
- Изготвување и текстуално прилагодување на свидетелствата според критериумите и стандардите на оценување- Изработка на извештај за работата на стручниот активза учебната година што одминува- Избор на учебници за наредната учебната година	Јуни	Наставниците од активот

Членови: Габриела Митева, Симеон Џеков , Тихомир Ангеловски

Забелешка: Секој од активите освен глобалната изработува сопствена програма за работа.

Стручни активи	Одговорни наставници
Актив на одделенска настава	Силвана Јанкова
Актив на јазична група предмети	Лејла Лиманова
Актив на природно-математичка група	Марија Марков
Актив -музичко, ликовно, ФЗО	Габриела Митева

Годишна програма на Библиотека

Подрачје: 1.Планирање и подготовка на работата на библиотекарот		
Активности	Време на реализација	**Соработници**
1.Изготвување на годишна програма за сопствената работа **2.Изготвување на месечни (оперативни) програми за работа со конкретизирани содржини и активности**	август во тек на годината	**директор, педагог, ,одговорни наставници на стручни активи**
Подрачје 2.Воспитно образовна работа со учениците		
Активности	Време на реализација	**Соработници**
1.Зачленување на учениците во училишната бибилиотека **2. Издавање книги,ученички лектири,списанија...** **3.Развивање на читателски способности кај учениците** **4. Испитување и насочување на интересот на учениците за книгата, разни видови библиотечно-информативни материјали** **5.Оспособување на учениците за пишување на разни литературни творби** **6.Учество на ученици на натпреварот „Млади библиотекари“ во општинската библиотека во Радовиш** **7.Избор на „Читач на годината“ -ученик кој прочитал најмногу книги во тековната учебна година (изборот се врши на Патронатот на нашето училиште)**	**Во текот на целата година**	**Одделенски наставници, библиотекар**

Подрачје 3.Соработка со наставниците стручните соработници и родителите		
Активности	Време на реализација	**Соработници**
1.Активно учество во работата на наставничкиот совет и стручните активи **2. Координација на работата во остварувањето на разни програми и проекти во училиштето** **3. Подготвување и издавање на книжен и некнижен материјал за редовна дополнителна и додатна настава слободни активности на учениците и други форми на работа**	**Во текот на целата година**	**Стручни соработници, библиотекар, наставници, родители**

Подрачје 4.Библиотечно- информативна активност		
Активности	Време на реализација	**Соработници**
1.Запознавање со правата и обврските како и начинот на користење на книжниот и некнижниот фонд **2. Упатување на корисниците на печатени и информативни публикации, информации за новоиздадени книги весници и списанија и други материјали**	Во текот на целата година	**Библиотекар, наставници**
Подрачје 5.Културно-образовна и пропагандна дејност		
1.Организирање на посети на :промоција на книги ,,саем на книгата ,книжарници... **2.Посета на градската библиотека ,,Браќа Миладинови,, во Радовиш и соработка со истата во текот на целата учебна година**	Во текот на целата година	**Билиотекар, писатели уметници ,издавачки куки совет на родители**

Подрачје 6.Комплетирање на библиотечниот материјал		
Активности	Време на реализација	**Соработници**
1.Попис на библиотечниот фонд и негова поделба **2. Селектирање евидентирање на подарени книги** **3.Водење на евиденција**	Во текот на целата година	**Директор, пописна комисија, претставници на издавачки куки родители**
Подрачје 7.Стручно усовршување на кадарот		
Активности	Време на реализација	**Соработници**
1.Следење на педагошко –дидактичка литература, периодика стручни рецензии прикази,бибилиотечно-медијатична литература.... **2.Учество во работата на стручните активи на сите нивоа** **3.Соработка со градска библиотека НУБ;БРО;МОН**	**Во текот на целата година**	**НУБ, други институции МОН ,БРО ...**

Библиотекар: Марија Марков

ГОДИШЕН ГЛОБАЛЕН ПЛАН за Хор

УЧИЛИШТЕ,,КОСТА РАЦИН“с.ПОДАРЕШ ОПШТИНА РАДОВИШ

Наставен предмет музичко образование - ***ХОР 2026/2027 год.***

Ред бр.	Наставни теми	Нови	Друг вид на часови	Вкупно	Време на реализација
1.	Технички вежби	16	/	16	IX -V
2.	,,Ода на радоста,,	8	4	12	IX,X
3.	,,Денес над Македнија се рага,,	10	4	14	X,XI,XII
4.	,Jungle Bells ,,	16	8	24	XII,I
5.	,,Песна за Кочо Рацин,,	10	4	14	I,II,III,IV
6.	,, Хорот на евреите,,	12	6	18	IV,V,VI
7.	..Рум,дум,дум,,	10		10	IV,V
ВКУПНО:		82	26	108	IX-VI

Забелешка:

Во текот на учебната година може да дојде до промена на репертоарот. Ќе се обработат и други композиции, зависно од интересот и желбите на учениците.

Организација на хорската настава :

Часовите по ХОР ќе се организираат во текот на цела учебна година, а неделниот фонд е според тежинското ниво на композициите (тригласни) по 3 часа седмично. Во училишниот

хор можат да членуваат учениците од VIII и IX одделение, според интересот и гласовните можности на учениците. Времето на реализација ќе биде по редовната настава. Поради специфичноста на активностите времето на реализација ќе се организира спрема просторните можности на училиштето и можностите на учениците. Резултатите ќе се презентираат на активностите во училиштето и Хорските смотри-натпревари кои се реализираат секоја учебна година и во локалната средина и пошироко за разни пригоди.

Наставни методи и активности:

Во остварувањето на целите на училишниот ХОР ќе се применуваат наставни форми и методи: истражувачка, проблемска, фронтална, групна, индивидуална и други. Од методите ќе се користат: разговор, дискусии, практична работа, демонстративна и други. Во работата ќе доминира иницијативноста, самостојноста, креативноста, слободно изразување на своите чувства преку вокална презентација.

Целта на УЧИЛИШНИОТ ХОР е учениците да ги прошират знаењата и способностите во областа на музиката за кои покажуваат посебен интерес, определба и сензибилитет. Учениците да се оспособуваат за соработка и колективен однос во заедничка презентација на вокални дела во училиштето и надвор од него.

Посебни цели: - да создава навика за редовност и точност;

- да се развиваат творечки способности, етички и естетски вредности;

- да развива колективен интелектуално-емоционален и кретивен однос кон интерпретацијата на хорските композиции;

- да развива способност за индивидуално вокално интерпретирање;

- да ги почитува дадените упаства на диригентот – менторот;

- да ги проширува теоретските знаења во областа на историјата на музиката;

- да ги проценува вредностите на музичките дела преку анализа;

- да учествува на разни видови настапи (во училиштето, локалната средина и др.

- да развива љубов и способност за вокална интерпретација и запознавање со културите на другите народи;

Наставник: Габриела Митева

ГОДИШЕН ГЛОБАЛЕН ПЛАН за Оркестар

УЧИЛИШТЕ,,КОСТА РАЦИН“с.ПОДАРЕШ ОПШТИНА РАДОВИШ

Наставен предмет музичко образование - ***ОРКЕСТАР 2026/2027 год.***

Ред бр.	Наставни теми	Нови	Друг вид на часови	Вкупно	Време на реализација
1.	Технички вежби	16		16	IX-V
2.	,,Вежби во Ц-дур и а-мол скала,,	8	4	12	IX,X
3.	,, Канони ,,	10	4	14	X,XI,XII
4.	,,Jungle Bells ,,	16	8	24	XII,I
5.	,,Билјана платно белеше,,	10	4	14	I,II,III,IV
6.	,, Ода на радоста,,	12	6	18	IV,V,VI
7.	,, Маанџика Дона мома,,	10		10	IV,V
ВКУПНО:		82	26	108	IX-VI

Забелешка: во текот на учебната година може да дојде до промена на репертоарот. Ќе се работат и други композиции, зависно од интересот и желбите на учениците.

Организација на оркестарската настава :

Часовите по оркестар ќе се организираат во текот на цела учебна година, а неделниот фонд е според тежинското ниво на композициите по 3 часа седмично. Во училишниот оркестар можат да членуваат учениците од VIII и IX одделение, според интересот и техничките можности на учениците. Времето на реализација ќе биде по редовната настава. Поради специфичноста на активностите времето на реализација ќе се организира спрема просторните можности на училиштето и можностите на учениците. Резултатите ќе се презентираат на активностите во училиштето и Оркестарските смотри-натпревари кои се реализираат секоја учебна година и во локалната средина и пошироко за разни пригоди.

Наставни методи и активности :

Во остварувањето на целите на училишниот оркестар ќе се применуваат наставни форми и методи: истражувачка, проблемска, фронтална, групна, индивидуална и други. Од методите ќе се користат: разговор, дискусии, практична работа, демонстративна и други. Во работата ќе доминира иницијативноста, самостојноста, креативноста, слободно изразување на своите чувства преку инструменталан презентација.

Целта на УЧИЛИШНИОТ ОРКЕСТАР е учениците да ги прошират знаењата и способностите од областа на музиката за кои покажуваат посебен интерес, определба и сензибилитет. Учениците да се оспособуваат за соработка и колективен однос во заедничка презентација на инструментални дела во училиштето и надвор од него.

Посебни цели:

- да создава навика за редовност и точност;

- да се развиваат творечки способности, етички и естетски вредности;

- да развива колективен интелектуално-емоционален и кретивен однос кон интерпретацијата на инструмантални композиции;

- да развива способност за колективно иструментално интерпретирање;

- да ги проширува теоретските знаења во областа на историјата на музиката;

- да ги проценува вредностите на музичките дела преку анализа;

- да учествува на разни видови настапи (во училиштето, локалната средина и др.)

- да развива љубов и способност за инструменталнаа интерпретација и запознавање со културите на другите народи.

Габриела Митева-наставник

План за самоевалуација

Следење и вреднување на воспитно-образовната дејност во училиштето

Подрачја	Методи, инструменти на следење	Носители на активност	Разгледување и верификување
Планирање, програмирање и подготвување на дејноста на сите нивоа на секој субјект во училиштето	Директни увиди во Годишната програма Увид во Годишните планирањата на наставниците Увид во тематските планирања	Директор Стручна служба Советници	-Наставнички совет Стручен актив
Настава задолжителна изборна додатна, дополнителна	Увид во досијеа на учениците,Увид во изработки	Директор Стручна служба Советници	-Наставнички совет Стручен актив Ученичка заедница
Воннаставни Активности	Увид во евиденцијата Прашалници Евидентни листови	Наставници Советници Инспектор	Училишен одбор Наставнички Совет
Грижа за здравјето на учениците	Увид во одд.дневници Извештаи од систематски прегледи,вакцинации Стоматолошки прегледи	Наставник Стоматолози Лекар Мед.сестра	Совет на паралелка Наставнички совет Совет на родители
Соработка со локалната средина	Прибирање на податоци преку дирекни разговори Извештаи	Директор Стручна служба Наставници	Совет на паралелка Наставнички совет Совет на родители

Следење, проверување на оценувањето на успехот на учениците	Увид во одд.дневник Дирекно набљудување Евидентни листови Извештаи анализи Прашалници	Директор Стручна служба Советници Регионален и државен инспектор	Совет на паралелка Наставнички совет Совет на родители Училишен одбор Стручни активи
Стручно-педагошко усовршување на наставниците Стр.соработник	Семинари Сертификати Уверенија Евидентни книги	Директор Стручна служба Советници Регионален и државен Инспектор	Наставнички совет Училишен одбор Стручни активи
Водење на педагошка евиденција и документација на ВОР на училиштето	Увид во целокупната документација е-дневник Главни книги Свидетелства Извештаи Ученички досиеа Евидентни листови	Директор Стручна служба Советници Регионален и државен Инспектор	Наставнички совет Училишен одбор Стручни активи Совет на родители Ученичка заедница

Програма за заштита и спасување

Училиштето е должно да создаде услови и преземе мерки за пријатен и безбеден престој на учениците. Одговорноста за тоа припаѓа на сите вработени во училиштето, а посебно на директорот. Посебна одговорност за безбедноста на учениците има регионалниот полицаец.

Заштита во случај на пожар, земјотрес или друга непогода

Содржина и реализирана активност	**Цели**	**Реализатор**	**Време на реализација**	**Ресурси**	**Очекувани ефекти (евалуација)**
Донесување и усвојување на програма за активностите на тимот за планирање	Доделување на задолжение на членовите на тимот	Тим за планирање	Октомври 2026 год.	Стручна литература, план и скица	Успешна изработка на програмата
Тестирање на знак (ѕвоно)	Да се оспособат учениците за препознавање на знаците за опасност	Тим за планирање	Октомври , 2026 Март 2027	Ѕвоно	Препознавање на знакот и брза реакција во случај на пожари и други елементарни непогоди
Евалуација на Спроведените активности	Согледување на позитивните и негативните страни на негативните активности	Тим за планирање и вработени	Мај 2027	Извешатај	Согледување на недостатоци и нивно елиминирање во идни активности.

Програма за работа на подмладок на црвениот крст

Во ПЦК во ООУ„Коста Рацин“с.Подареш членуваат група ученици од VI до IX одделение во склоп на Црвениот крст на Општина Радовиш. За сите спроведени активности во централното и подрачното училиште учествуваат учениците од I до IX одд. Едно од основните начела во работата на оваа организација е развивање на солидарноста, помагање на сите луѓе без разлика на расната, верската и етничката припадност.

	Реализирани активности	**Одговорни лица**
Време Септември- Јуни 2026-2027	- Избор на одделенски одбори од членови на ПЦК -Формирање на учиилишен клуб Црвен крст - Грижа за хигиената на училниците, ходниците во училиштето и хигиената на училишниот двор -Предавање на различни теми во врска со здравјето -Предавање на теми во врска со заштита од пожари -Симулација на пожар во училиштето -Симулација за помош на настрадани во пожари -Организирање на акции за собирање храна во соработка со Црвен Крст – Радовиш и одбележување на Меѓународниот ден на гладните - Учество на натпревари на ППЗ -Предавање на теми поврзани во врска: Борба против ХИВ/Сида - Активности за одбележување на денови за борба против пушење, дрога и алкохол - Акции за собирање облека и обувки и храна за социјално загрозени семејства и наши соученици	Директор Педагог Наставници Стручни лица од одредени области

	-Организирање на акции за собирање храна и одбележување на Меѓународниот ден на гладните и одбележување на значајни датуми поврзани со хумантарни акции -Собирање средства за помош на болни и изнемоштени лица Спроведување на хуманитарни акции за собирање на прехрамбрени продукти -Организирање на хуманитарни концерти	

Одговорен наставник: Тања Спасова

Програма за изведување на екскурзии за учениците од прво до деветто одделение

Ученичките екскурзии се таков облик на воспитно –образовна работа преку кои учениците се запознаваат со предметите и појавите во нивната природна средина и во нивните животни услови. Преку нив учениците ги прошируваат своите знаења за одделни подрачја од животот и работата на луѓето и се запознаваат со природните убавини и културно-историските знаменитости на поблиската и поширокатa заедница. Нивната улога и педагошката функција е незамислива во остварувањето на одделни цели и задачи на училиштето, а пред се во остварување на два битни фактори: воспитно-рекреативната и образовната работа.

Училиштето оваа година се определи за овој вид на екскурзии:

- ✓ Наставни екскурзии
- ✓ Екскурзии со општо-образовен карактер
- ✓ Екскурзии за забава и рекреација
- ✓ Еднодневни излети
- ✓ Настава во природа

ПРЕГЛЕД НА БРОЈ И ВИД НА УЧЕНИЧКИ ЕКСКУРЗИИ

Вид на екскурзија	Опфат на ученици	Време на реализација	Одговорни наставници
Еднодневен излет во блиската околина	I ,IX	Октомври-Мај	Одделенски наставници,одделенски раководители
Комбинирана	III	Април-Мај	Одделенски наставници

еднодневна екскурзија		2027 год.	
Комбинирана дводневна научна екскурзија	VI	Септември-Јуни 2026-2027	Одделенски раководители
Забавно-рекреативна тридневна екскурзија низ Македонија Посета на природно-научен музеј, планетариум, кино, театар, балет, саем на книга, библиотеки и други институции од државен карактер	I-IX	Септември-Јуни 2026-2027	Одделенски наставници,предметни наставници
Настава во природа	V	Септември-Јуни 2026-2027	Одделенски наставници

Екскурзиите ќе се реализираат врз основа на член 6 од Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта.

Програма за реализација на ученички натпревари

Училиштето кое контуинирано вложува во својот развој и создава позитивна, продуктивна и стимулитивна училишна клима создава и ученици кои можат да го вложат својот максимум за реализацијата на сопствените афинитети и вештини. Правилното канализирање на енергијата која ја носи во себе ученикот и можноста да се надградува според афинитетите е одговорна задача на училиштето, кое го води ученикот кон портите на успехот и надвор од него. Секој ученик се гордее со своите лични постигнувања, како и со постигнувањата кои ги носи во име на училиштето. Клучот на успехот лежи во сите насоки го поттикнуваме мотивот за самодокажување на учениците и желбата за афирмација во општеството.

Програма за училишен спортски клуб
во ООУ „Коста Рацин“-Подареш

Акционен план за Училишен Спорт

Тема	Цели	Содржина	Реализатори	Време на реализација	Очекувани ефекти
1. Одбојка	-да увежбува и усовршува основни одбојкарски ставови и движења, -основни техники на додавања и фаќања на топка во место и движење; -да ја развива манипулативната моторика на спретно реагирање; -да развива моторички движења на екстремитетите и специфична (одбојкарска) координација во просторот; -да ја развива координацијата и рамнотежата на локомоторниот апарат во целина; -да ја развива прецизноста со рацете, духот на спортско-коректно натпреварување и фер-плеј; -да го развива духот на спортско– коректно натпреварување и фер-плеј; -да ги учи и применува правилатана одбојкарската игра.	Одбивања: - одбивање топка со прсти над глава - одбивање топка со партнер - прием на топка од разни правци и висини; - одбивање топка во разни правци - одбивање топка со техника “чекан” Сервирања: - школска техника сервис -Игра преку мрежа - во парови и во тројки - примена на совладени елементи од	Наставници и ученици	Континуирано во текот на целата учебна година	Развивање на спортскиот дух, фер-плејот, прифаќањето на поразите и победите, тимската соработка, социјализација, изградување во здрава личност

		одбојката во штафетни игри			
